УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

# Геополитичкото и безбедносно значење на балканската бегалска и мигрантска рута

**Кандидат:** Ребека Синофцик 4656/13
**Ментор**:Проф.д-р Тони Милески

Скопје, 2018

## Содржина

**I Воведен дел......................................................................................3**

**1. Актуелност на проблематиката..........................................................6**

**2. Предмет и цели на истражувањето......................................................8**

**3. Методологија на истражувањето........................................................9**

**4 Значење на истражувањето..................................................................9**

**II Мигрантска и бегалска криза...........................................................13**

**2.1Мограntската криза и причини за нејзина појава.........................14**

**2.2. Бегалската криза и причини за нејзина појава..............................16**

**2.3,Европската бегалска криза – предизвик од глобални размери...17**

**2.4 Зошто Европа е ранлива (бегалската криза и еврпоскиот исток-запад)...........................................................................................................50**

**III Геополоточко и безбедносно значење на балканската бегалска и мигрантска криза.....................................................................................61**

**3.1 Геостратешка положба на Р.Македонија........................................62**

**3.2.Справување со бегалско-мигрантските кризи..................................65**

**3.3. Резолуција за мигрантската политика на Р.Македонија..............67**

**3.4. Геополитичката положба на македонија ранлива точка во балканскта бегалска и мигрантска криза.............................................69**

**3.5.Западен Балкан , бегалската криза и „големите играчи “.............78**

**Заклучок...................................................................................................83**

**Користена литература.............................................................................87**

**Прилози**

I Воведен дел

Како социјален феномен, миграцијата е присутна одамна. Се јавува во сите општества и поради различни историски, социјални и културни разлики, а реакциите на поединци и заедници на миграцијата можат да бидат многу различни.

Во модерното општество кое се истакнува по мобилност и проток на информации, миграциите стануваат составен дел на општеството. Дури, нивниот обем и обрасци стануваат се посложени.

Низ историјата, миграциите се случувале доброволно или присилно, внатре или преку границите на една земја, во мали или големи групи. Причини за селењето можат да бидат разни – религиски, класни, национални, племенски, економски. За миграција можеме да зборуваме уште пред 70.000 години, кога нашите предци ја напуштаат Африка, и ја населиле југоисточна Азија и Австралија,додека други се населуваат на Блискиот исток и централна Азија, и на преостанатите континенти.Најболни и најтешки се присилните миграции оние предизвикани од војни .Во овој момент 65 држави се вклучени вовојна широм светот како и 645 различни герилски групи и сепаратистички движења.[1]Покрај ваков број на држави вклучени во војна последиците се неминовни . Ни Европа не е поштедена од последиците кои војните ги носат сосебе. Секоја војна како последица ги има бегалците.Судирите кои се одвиваат во ослабените држави на Северна Африка ,Блискиот Исток и Централна Азија (Либија , Сирија , Авганистан,северен Ирак и др.) примораа милиони луѓе да се придвижат . Станавме сведоци на масовна и сложена миграција долж т.н „Балканска рута".Големиот број на бегалци кои се упатија по т.н "Балканска рута " стана голем предизвик не само зарадиголемиот број унесреќени луѓе туку и заради безбедносниот ризик кој со себе го носат не само по државите коисе крајна дестинација туку и по државите на транзиција како и на целата заедница воопшто.Се јавуваат и безбедносни ризици и опасности и по личната безбедност на мигрантите но и на националната безбедност како и на безбедноста на меѓународната заедница воопшто. 2Балканската рута " доби

[1]Дарко М. Марковић,БЕЗБЕДНОСНИ ИЗАЗОВИ, РИЗИЦИ И ПРЕТЊЕ ИЛЕГАЛНИХ МИГРАЦИЈА,Белград ,2016

огромно геополитичко и безбедносно значење .Тоа бараше големи напори , преструктурирања и соработка на повеќето Европски држави било како крајна дестианација или кко дел од транзитот. Исклучок не беше и Репуплика Македонија која мораше да направи и одредени законски измени.. Бегалската криза на виделина донесе многу слабости и различни размислувања и ставови на земјите членки на Европската унија .

Од друга страна пак го имаме Балканот .За балканска геополитика практично не е можно да се зборува бидејќи и не постои.Единствено може да се зборува за геополлитика на Балканот која е моментално присутна.Со настанокот на новиот геополитички поредок државите кои настанаа од поранешната Југославија како и другите балкански земји се релативно мали и својата геополитичка позиција ја поставуваат на основа на припадност на посилни геополитички фактори .Во овој миг може да се зборува од аспект на воочените привлечности на западниот Балкан од страна на западот односно Вашингтон ,НАТО и Е .У од една страна и Русијаод друга страна.Меѓутоа војнатаво Сирија и бегалската криза покрај главните геополитички фактори Западот и Русија се позастапени се и Турција ,Германија но и Кина. Балканот станува истовремено и синоним за поделба но и културен субкунтитнент на Европа. Повќе од јасно е дека на Балканот се испреплетуваат европските и воневропските влијанија и суштински претставува културна раскрсница која во многу влијае на балканските геополитички хоризонти.[2]

Се поставува прашањето дали бегалската криза и „Балканската рута " во вакви услови би довела до одредени геополитички промени .Можеби би ја поддржала теоријата на Семјуел П. Хантингтон (Samuel P. Huntington). За судир на цивилизации. Имено тој дава потполно нов поглед на иднината на меѓународните односи во светот. Според него, светската иднина ќе биде одбележана со судири кои ќе се водат на границите на големите светски цивилизации.,...Цивилизацијата претставува највисок степен на идентификација на секој човек. Некогаш војните се воделе помеѓу државите и

[2] The Wall street journal-Balkan Countries Completely Seal Off Migrant Trail as Part of EU Plan

идеологиите, а денес и во иднина ќе се водат помеѓу различните народи и верски групи. [3]Тука европа односно западот е се позагрозена. Зпред се од сопствените проблеми како што се: слабиот природен прираст на населението и губење на моралноста и религиозноста. Според Хантингтон, нај- голем предизвик на Западната цивилизација е исламот, заради сѐ поизразениот фундаментализам. А повеќе од јасно е дека најголем дел д бегалците кои ја освојуваат Европа преку балканската рута се со исламска вероисповест. Бегалската криза носи и други подолгорочно ризици со себе .Тие настануваат во оној миг кога мигрантите и бегалците ќе пристигнат во земјите на прифаќање. Тие во основа се од економска, политичка и безбедносна природа. Сепак во овој момент сеуште немоќе со сигурност да се согледаат. Што пак оди во прилог на актуелноста на темата. Едно од решенијата од безбедносен аспект е затворањето на границите и спречување на понатамошен влез на бегалците и на мигрантите .оваа новонастаната ситоација неминовно води до тоа членките на Е.У иако ги почитуваат усвоените правила имаат различно толкување и различен пристапи правила во соочување со кризата.Бегалската криза ги доведе во прашање доследностите на одредени членки на европската унија ,а со самто тоа и доследноста на одредени членки кон заедничката надворешна и безбедносна плитика на Европската Унија како и функционирањето на иститe.нСо голед на тоа што кризата ги погоди само териториите одредени членки на Е.У неопходно е сите членки да се обединат околу она што значи примена на усвоените принципи на заедничка политика, позади која стои идејата за единствена и политички моќна Европа. Актуелната криза штотуку ја става на проверка усвоената вредност и идејата на која се базира самата европска унија.[4] Делотворно решение се уште не е порнајдено . Донесените одлуки треба да бидат опфатени и прифатени вдолж целата граница на Е.У како би се сочувал нејзиниот суверените и интегрит. Судирот на културните навики и верски обичаи е друг долгорочен проблем кој со себе го носи бегалската криза. Токму културните навики и верските обичаи и нивниот

[3]Тони Милески: „Концепти на светски геополитички поредоци" БЕЗБЕДНОСНИ ДИЈАЛОЗИ ISSN 1857-7172 Број 2, Година I, 2010

[4]Damjanović Mijat (2013): "Discourses on democracy", Megatrend Review, 445

судир во земјите кои се крајно одредиште го загрозува функционирањето на општествениот систем во доменот на безбедноста , здравството , образованието , социјалната политика како и на берзата на трудот, бидејќи капацитетите и на најголемите земји на Е.У не се доволни да интегрираат толку голем број на мигранти и бегалци.Доплнително за правниот систем проблен представуваат и културните навики на мигрантите и бегалците кое подразбира различно гледање на пример кон физичкото насислство кон жените и децата или кон малцинските групи. Санкционирањето според важечките закони би значело загрозување на елементарните права и слободи кои произлегуваат од културното и верско наследство..

Сите овие погоре споменати проблеми во многу зборуваат за актуелноста на темата на овој магистарски труд и ја покажува неговата оправданост.

## 1. Актуелност на проблематиката

Во изминатите две децении, бројот на луѓе кои ги минуваат националните граници во потрага по подобар живот се зголемува. Европа, како во минатото и денес, е дестинација за многу емигранти. Повеќето од бегалците се мотивирани од потребата за подобар живот и подобри можности, но има милиони кои беа принудени да ги напуштат своите домови за да го спасат својот живот. Зголемениот тековен бран на бегалци и баратели на азил од Блискиот Исток и Северна Африка се повеќе поврзани со конфликтни ситуации, лоши животни услови во овие земји, наместо со недостаток на работна сила во Европа. Во земјите на ЕУ, Германија има најголем број на бегалци, околу еден милион од кои повеќе се од поранешна Југославија, Турција, Иран и Ирак.5

Судирите кои се одвиваат во ослабените држави на Северна Африка ,Блискиот Исток и Централна Азија (Либија , Сирија , Авганистан,северен Ирак

- [5]Mileski,T., „Contemporary migration movements as a safety threat to the Balkans and Europe", Faculty of Security/2012

и др.) приморaa милиони луѓе да се придвижат . Станавме сведоци на масовна и сложена миграција долж т.н „Балканска рута“. Миграција од овие размери не е забележана од 1945 година.Меѓу овие луѓе се наоѓаат бегалци кои бегаат од со војната разорените Сирија и северен Ирак но има и економски мигранти. Меѓу овие луѓе има голем број на жени и деца кои ги прави лесна мета,да бидат жртви на широко раширена криминална мрежа. Се е поголем бројот на мигранти кои уште од „арапската пролет " бараат азил во Европската Унија. Нивниот број во 2015 година достигна 1,2 милиони.

Република Македонија има поволна геостратегиска положба .Се наоѓа на централниот дел од Југоисточна Европа и претставува природна и географска крстосница меѓу Европа Азија и Африка.Од безбедносен аспект претставува крстосница на главниште патишта на трговијата со дрога,оружје,луѓе,криумчарење на мигранти и тероризмот,во правец од Африка и Азија кон Западна Европа. Република Македонија се ангажира за разрешување на транснационалните опасности и предизвици во соработка со соседните земји и со меѓународните безбедносни организцации и институции. Не треба да биде запоставена ни геополитичката положба на Р.Македонија. Доколку знаеме дека како најглавни чинители во рамки на проучувањата и спроведувањето геополитички анализи се земаат политичките процеси, одлуки и системи, економските остварувања и можности и воено безбедносните способности и сила на државите врз основа на нивната географска положба, односно географскиот простор на кој се наоѓа нивната државна територија и нивната позиција во светот во однос на важните геостратешки точки или положбата во однос на другите држави јасно е колку Р.Македонија е геополитички засегната од мигрантската криза и „Балканската рута “. Македонија со своите нерешени политички и територијални прашања со соседите , со својата кревка политичка и економска состојба со националната обоеност и тоа како е под ризик од дестабилизација и развивање на организираниот криминал(трговија со луѓе , швер на мигранти и сл) со што е можно да се наруши и безбедносната состојба.

Следствено на ова неминовно е Р. Македонија да биде погодена од мигрантската и бегалската криза . Уште повеќе заради тоа што Македонија е единствена држава до чија граница, иако не е членка на ЕУ, доаѓаат бегалци и мигранти од земја членка на ЕУ, па од тука заминуваа(т) во ЕУ. Македонското

државно раководство, барајќи решение за овој сериозен безбедносен, економски и хуманитарен предизвик, подолго време луташе. Наоѓајќи се помеѓу ,,чеканот и наковланата" (сопствениот страв за последиците од кризата од една страна и барањата на ЕУ за справување со кризата, од друга страна).

Истовремено во Европа постојат две конкурентски визии кога станува збор за бегалската криза - визијата на Меркел напрема визијата на Орбан. .Додека првата се залага за почитување на хуманитарните обврски и се противи на границите и ѕидовите другата се залага токму за тоа.

Во кои размери Македонија беше соочена со бегалската криз говори и фактот што соочена со сериозниот наплив на бегалци и мигранти, Македонија, на 19ти Август 2015, прогласи кризна состојба на дел од својата територија.

Овие предизвиците бараа и конкретни политички и законски решенија. Р.Македонија е донесена резолуција за миграциска политика на Р.Македонија 20015-20120,Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Р.Македонија 2008-20015 , Скопје , Министерство за труд и социјална политика и сл.

Токму заради гореневедените работи тема на овој магистарски труд е „Геополитичкото и безбедносно значење на балканската бегалска и мигрантска рута„ .Ке биде опфатени причините за појавата на овие случување , начинот на кој Европа и Европската унија се справува со овие напливи на бегалци и мигранти .И пред и се Р.Македонија како средишен учесник во балканската бегалска рута и проблемите и ризиците со кои се соочува како и начините на кои се справува со овој проблем .

## *2. Предмет и цели на истражувањето*

Од својата независност 1991 година, Македонија во два наврати искуси приемна огромен број на бегалции и со справување со големи бегалски кризи предизвикани од војни во непосредното соседство.Во последната деценија бруталната ескалација на вооружените конфликти од Северна Африка до западна Азија принуди милиони луѓе да ги напуштат своите домови. Денес, особено и крајно е нестабилна ситуацијата во земјите на потекло на бегалците - Сирија, Авганистан, Ирак и Иран, со реална опасност наскоро тоа да се случи и во Египет и Либија. Бегајќи од опасноста на воените жаришта, околу 700 илјади Сиријци прибежиште побараа во Јордан, а близу два милиона Сиријци времено се сместија во неколку кампови во Турција, во пограничниот појас и во

градовите Измир, Бодрум и Истанбул. Ситуацијата почна да им бега од контрола на турските власти откако илјадници бегалци тргнаа пешки кон Едрене и границата со Грција. На ова му идеше во прилог најавата на германската влада на почетокот од септември минатата година дека ќе ги прими сите Сирийци кои во Германија ќе побараат азил.

Во оваа петта по ред бегалско-мигрантска криза, повеќе од 1.000.000 бегалци и мигранти ја користеа Македонија како дел од т.н ,,Балканска рута", со цел да стигнат до „ветените" земји во западна и северна Европа.

Македонија со својата геостратешка положба е неминовен елемент односно е дел од мигратнтската рута. Огромниот број на бегалци и економски мигрант има огромно геополитичкото и безбедносно значење. Доколку се земе во предвид кревката состојба на Р.Македонија како земја во транзиција со кревка економија која има многу нерешени прашања со соседите , неодлучноста и нeединството на Европа и Европската Унија кога е во прашање бегалската криза како и тоа што Реппублика Македонија не е ниту членка на НАТО ниту пак на Европската Унија го прави геополитичкото и безбедносно значење на балканската рута многу битно и важно за целата Европска Унија како и за Република Македонија.

## 3. Методологија на истражувањето

При изработка на магистерскиот труд ќе се примени методологија што соодвествува на предметната проблематика, како и на работните хипотези, целта и предметот на истражување. При тоа, акцентот особено ќе се стави на: дефинирање на поимите и појмовната анализа, изборот и проучувањето на компетентната литература, прибирањето, средувањето и обработката на податоците и информациите во врска со истражуваната проблематика, анализата на сите расположливи материјали од разни автори и оформувањето на текстот врз основа на добиените нови сознанија во текот на истражувачкиот процес.

Методолошкиот приод на истражувањето во магистерскиот труд е детерминиран од специфичноста на проучуваната прблематика и од потребата за користење на соодветни извори на податоци. Со цел осознавање на суштинските аспекти на истражувањето при презентирањето на материјалот ќе

се користат повеќе квалитативни и квантитативни научноистражувачки методи, како што се индуктивно-дедуктивната, дескриптивната, компаративната, статистичката, историската метода и студија на случај.

Трудот е конципиран во три целини :I Воведен дел , II Мигрантска и бегалска криза  и III Геополоточко и безбедносно значење на балканската бегалска и мигрантска криза .

*Во првиот дел* покрај воведот ,ќе бидат опфатени и образложени и актуелност на проблематиката ,предметот  и целите на истражувањето методологијата  на истражувањето како и значење на истражувањето .

*Вториот дел* е посветен на мигрантската и бегалската криза,при што ќе бидат објаснети разликите помеѓу поимите мигрант и бегалец . Исто така ќе бидат детектирани и анализирани причините за појавата на најновата и најмасовна мигратнтска  криза како и причините за појава на најновата бегалска криза. Со својата масовност бегалската и мигрантската криза ја подигнаа на нозе цела Европа вклучувајќи ја и Р.Македонија .Токму затоа во ова поглавје ќе се разгледаат мигрантската и бегалска криза како предизвик од глобални размери .

*Третото поглавје* е анализа на геополоточкото  и безбедносно значење на балканската бегалска и мигрантска криза врз Република Македонија. Разгледана е и анализирана геостратешката положба на Р.Македонија како и на справувањето со бегалско-мигрантските кризи. Ќе бидат детектиани слабостите на обидите за справување со оваа криза.  Исто така ќе биде направен осврт на геополитичката положба на Р.Македонија како  ранлива точка во балканскта бегалска и мигрантска криза. Иако е евидентно дека овие групи луѓе се појавува како резултат на војната и се етикетирани како бегалци според дефиницијата на Обединетите нации ,меѓу нив има и мигранти кои ги напуштиле своите домови од економски , а не безбедносни причини.Сепак постојатодредени недоумици кога станува збор за рационалноста на постапката на овие луѓе. Природно е да се очекува миграцијата , бегањето да се насочи кон најблиската најчесто соседна сигурна територија и при престанок на судирите или безбедносните закани тие луѓе да се вратат  во својата традиционална територија односно во своите домови. Исто така она што збунува е верската , старосната и полната структура на бегалците која според

некои аналитичари укажува на одредени последици од миграција со вакви размери.

## 4 Значење на истражувањето

Преку научната цел на ова истражување се врши научна дескрипција и научно објаснување за геополитичкото и безбедносно значење на балканската бегалска и мигрантска рута.

Врз основа на применетата научна методологија трудот ќе даде своевиден придонес кон објаснувањето на одредени значења на безебедносен и геополитички палн ги има балканскат бегалска криза.

Односно, научно ќе се определи степенот на инволвираноста на геополитичкото и безбедносно значење на балканската бегалска и мигрантска рута .доколку се знае дека **Геополитика:** представува наука од редот на општествените научни дисциплини која се занимава со проучување на општествените ,економските и демографски политички процеси на државите како единки зависни и распоредени во единствен географски простор. Главна дефиниција на геополитиката, која доминирала подолго време е дека таа претставува концепција која ја објаснува политиката на државата преку природно географски услови,, географската положба и расните разлики Како најглавни чинители во рамки на проучувањата и спроведувањето геополитички анализи се земаат политичките процеси, одлуки и системи економските остварувања и можности и воено безбедносните способности и сила на државите врз основа на нивната географска положба, односно географскиот простор на кој се наоѓа нивната државна територија и нивната позиција во светот во однос на важните геостратешки точки или положбата во однос на другите држави. ,а дека безбедноста на државата е една од главните задачи на секоја на државата .Дека безбедноста представува негување и зачувување на националните вредности од кои се произлезени интересте на државите,а тоа се : почитувањето на Уставот и законите, рамноправноста на сите граѓани без оглед на нивната етничка припадност, демократската основа на државата, владеењето на правото, почитувањето на човековите права и слободи, пазарната економија, социјалната правда и почитувањето на меѓународното

право и меѓународните договори и спогодби. Дефинирањето на овие поиме ја покажува целосната општествената оправданост на ова истражувањТоа се огледа во фактот што на еден систематизиран начин ќе се согледаат состојбите на полето на влијанието што го има балканската бегалска рута. Ваквите сознанија во големамерка можат да се користат и во геополитичките анализи кои можат да бидат од корист на државата но и на поединци .

## II Мигрантска и бегалска криза

Пред да се одпочне да се обработува проблематиката со мигрантската и бегалска криза потребно е уште еднаш да се укаже на разликите помеѓу поимите мигрант и бегалец .Во никој случај не е можно да се изедначат овие два поими .

Бегалци се лица кои бегаат од вооружен конфликт или прогон. До крајот на 2014-та имаше 19,5 милиони вакви лица низ светот. Нивната ситуација често пати е толку опасна и неподнослива што тие ги минуваат границите на сопствените држави за да бараат безбедност во соседните земји, и со тоа станувaат меѓународно признаени како "бегалци" со пристап до помош од држави, УНХЦР и други организации. Тие се така признаени токму затоа што за нив е премногу опасно да се вратат дома, и потребно им е засолниште на друго место. Ова се луѓе за кои одбивањето азил има потенцијално смртоносни последици.Бегалците се дефинирани и заштитени по меѓународен закон. Конвенцијата за бегалци од 1951-ва и нејзиниот протокол од 1967-ма како и други правни текстови, остануваат темелот на модерната заштита на бегалците.

Мигрантите избират да се селат не заради директна закана од прогон или смрт, туку генерално за подобрување на нивниот живот со наоѓање работа, или во одредени случаи образование, обединување со семејството или други причини. За разлика од бегалците кои не можат безбедно да се вратат дома, мигрантите не се соочуваат со такви препреки за враќање. Ако тие одберат да се вратат дома, тие ќе продолжат да добиваат заштита од својата влада. Државите се справуваат со мигрантите според сопствените закони и процедури за имиграција.

Пиомот бегалска криза се користи како израз за низата случувања поврзани со масовното доагање на бегалци најчесто илегални и на емогранти од Азијаи Африка и на дел од југоисточна Европа (Косово , Албанија) во земјите

на Европската Унија кое се бележи од средината на 2010 година , а својата ексалација ја има во текот на 2015 година .[6]




1.Држави од кои доаѓаат најголем број мигранти и бегалци (изворhttp://faktor.mk/grafika-zemjite-od-kade-doagaat-najmnogu-migranti)

**2.1Мигрантската криза и причини за нејзина појава**

Миграција или селидба е израз се опишува физичко движење на луѓе од едно подрачје во друго преку голема далечина или во големи групи . Низ историјата се случувале внатре во една област или од област во област. Луѓето кои се наоѓаат во миграција се наречени мигранти .Зависно од котекстот тие може да бидат емигранти или иселеници ,или имигранти односно доселеници.

Миграциите одсекогаш имале значајно влијание врз човековата историја без разлика дали станува збор за освојување или културна инфилтрација.

Разликите во социо-економската развиеност и на нивото на животниот стандард меѓу одделни земји, како и политичката нестабилност во одделни

[6] Europe migrant crisis. BBC News. посетена на 25.01.2017

региони во светот остануваат основни детерминанти за порастот на меѓународните миграциски движења.Меѓународните миграции во глобални рамки во периодот по 2000 година забележаа континуиран и интензивен пораст, а се одликуваа и со различни правци на движење. Статистиките покажуваат дека во 2013 година бројот на меѓународните мигранти ширум светот достигна 232 милиони, што претставува голем пораст во споредба со состојбата во 2000 година (175 милиони) и 1990 година (154 милиони)[7]Во областа на надворешните миграции на Република Македонија во последните пет години беа забележани релативно големи промени како во легалната, така и во илегалната миграција. Во однос на легалните миграциски движења и понатаму значително е поголем обемот на иселените од оној на доселените лица, кој остана релативно мал и со доминантна застапеност на привремениот престој на странците. Порастот на иселените/доселените лица е придружен со големи промени во нивните демографски и социо-економски карактеристики, како и земјите на дестинација/ потекло. Во овој период, особено во последните неколку години, пораст забележаа илегалната миграција, криумчарењето мигранти и азилот, како и трговијата со луѓе. Независно од нивниот пораст Република Македонија остана транзитна точка за илегална миграција.Донесувањето на миграциска политика на Република Македонија претставува значајна активност која, меѓу другото, има за цел воспоставување на правна рамка во областа на миграциите, усогласена со правната рамка на Европската унија. Согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија, земјата презема обврска за соработка во областа на визите, граничната контрола, азилот и миграциите. Освен тоа, Република Македонија се обврза да соработува при спречувањето и контролата на илегалните миграции и реадмисијата.[8]

Причината за масовните миграции се врзува со високиот степен на незапосленост и сиромаштија во земјите на мигрантите.на тоа се придодадоа и масовните мигранти од Сирија каде се води граѓанска војна како и од Либија каде што по рушењето на режимот на Гадафи се дојде до анархија.

[7]Извор: http://esa.un.org/unmigration/wallchart2013.htm
[8]Резолуција за миграциска политика на Р.Македонија 2015-2020

Сето ова вешто се користи од добро организирана мрежа накриумчари на луѓе. Кризата се до средината на 2015 воглавно се одвиваше на медитеранскиот брег на Италија каде што огромен број на мигранти доаѓаа со бродови и чамци .Во голем број на случаи тоа беше неуспешно и имаше многу давеници.



За разлика од почетокот денес најмасовен прилив на мигранти имаме на рутата за влез во земјите на ЕУ преку периферните членки на ЕУ (грција и Хрватска) и поранешните југословенски држави Македонија и Србија .




2. карта на балканската рута ,извор http://www.dw.com/ посетена на 28.01.2017

## 2.2. Бегалската криза и причини за нејзина појава

**Во последната деценија бруталната ескалација на вооружените конфликти од Северна Африка до западна Азија принуди милиони луѓе да ги напуштат своите домови. Денес, особено и крајно е нестабилна ситуацијата во земјите на потекло на бегалците - Сирија, Авганистан, Ирак и Иран, со реална опасност наскоро тоа да се случи и во Египет и Либија. Бегајќи од опасноста на воените жаришта, околу 700 илјади Сирийци прибежиште побараа во Јордан, а близу два милиона Сирийци времено се сместија во неколку кампови во Турција, во пограничниот појас и во градовите Измир, Бодрум и Истанбул. Ситуацијата почна да им бега од контрола на турските власти откако илјадници бегалци тргнаа пешки кон Едрене и границата со Грција. На ова му идеше во прилог најавата на германската влада на почетокот од септември минатата година дека ќе ги прими сите Сирийци кои во Германија ќе побараат азил.**

**Од јуни минатата година Македонија е клучна транзитна врска за преку 700.000 бегалци и мигранти кои ја користат балканска рута со цел да стигнат до „ветените“ земји во западна и северна Европа. Оваа бегалска криза, за сега, за Македонија има транзитен карактер, но со сите последици од хуманитарен, економски и безбедносен карактер. Реално е да се очекува дека овој бегалски бран го нема достигнато својот максимум и дека претстои период на усложнување на состојбите.**

Една од карактеристиките на оваа криза, која ја прави исклучително тешка, е фактот што не може да се види крајот, а што од друга страна го отежнува справувањето и го прави уште покомплицирано. Никој не знае кога ќе настане мир во Сирија.а луѓето почнуваат да бегаат и заради нестабилизираните состојби во Либија.

Неизвесноста на кризата, која добива динамика носи сериозен глобален предизвик, но и проблеми и за Македонија и за регионот. Со оглед на огромниот наплив на бегалци од Грција, која очигледно не е во состојба да ги задржи, во преден план се поставува безбедносниот аспект. Проблемот дополнително е усложнет и поради отсуството на јасно дефиниран и единствен концепт на

Европската унија за ефикасно справување со прифатот и згрижувањето на бегалците.

## 2.3,Европската бегалска криза – предизвик од глобални размери

На многубројните предизвици кои со себе гиноси бегалската криза се надоврзува и создавањето на хуманитичкиот идентитет кој ја потврдува и заокружувавредноста и идејата која е настаната како резултат на дотогашниот цивилизациск степен на развој на Европската Унија која покрај тоа што елидер во областа на науката ,културата , филозофијата и уметноста е и главен носител на сингериското делување во областа на социјалната политика и хуманитарното работење..На овој начин Европската Унија во светската распределба на моќта го има задржано суверенитетот и и има оформено посебен идентитет препознатлив на сите нивоа.Политичката соработка подразбира и приближување на народите на план на нивната култура и обичаи , размена на знаење и создавање на подобра иднина за младите генерации .Сепак Унијата никогаш дотогаш не била соочена со толкав наплив на бегалци . Нивнатапојава во толку голем број дополнително отвара низа слоќени прашања политички , социолошки и културолошки.

После втората светска војна Европа се соочува со најголемата бегалска криза . Во такви услови со толкав наплив на бегалци до израз дојдоа многу неусогласености и неединство на членките на Европската унија .Со појавата на првите поголеми бегалски бранови, особено во втората половина на минатата година, се очекуваше дека Европа ќе се здружи и ќе дејствува во согласност со Конвенцијата за статусот на бегалците на ООН од 1951 и нејзиниот придружен протокол од 1967 за статусот на бегалците. Се очекуваше концепт на прифат, заштита и интеграција на бегалците и мигрантите кој требаше да овозможи мерки од страна на државите на ЕУ со кои ќе се респектираат нивните човекови права, недискриминација и достоинство. Се очекуваше и потврда на најавите за додела азил на бегалците со што ќе им се ефектуираа можностите да станат одговорен дел од општествениот, економскиот и социјалниот живот во „ветените земји на ЕУ". Наспроти тоа, Европа стана сè поподелена. Многу

држави од ЕУ одбија да примат бегалци, со што ги оставија соседните држави, сами во својот напор.

Британија и Данска воопшто и не разговараа на темата за прифат и заштита на бегалците,Австрија и Германија воведоа строги контроли на границите со патроли на своите војници и полицајци. Унгарија прва повлече одлучен потег и буквално херметички ја затвори границата кон Србија. Словенија веднаш го запре возот со 150 бегалци кој требаше само да транзитира низ државата на пат кон Австрија.Хрватска донесе одлука со која ги затвори границите кон Србија и тоа само 24 часа откако првиот бегалец стапна на нејзина територија.

Според европската агенција за контрола на границите – Фронтекс „Над 710 илјади мигранти илегално влегоа во Европската унија меѓу 1 јануари и 30 септември 2016година„[9]Минатата година границите на ЕУ незаконски ги минале 282 илјади мигранти.Најголемиот мигрантски бран минува преку грчките острови во Егејското Море. Вкупно 350 илјади мигранти пристигнале во Грција во првите девет месеци од годинава. Само минатиот месец во Грција пристигнале 49 илјади лица, од кои најголемиот број се Сиријци.Недостигот на бродови во Либија и влошувањето на временските услови минатиот месец го намалиле за половина бројот на мигрантите, кои пристигнуваат преку Средоземното Море во Италија.Во септември таа бројка паднала на 12 илјади, а во првите девет месеци од годината во Италија пристигнале вкупно 129 илјади лица, од кои поголемиот дел се од Еритреја.

[9] http://vesti.mk/read/news/,посетено 28.01.2017



3. Foto: http://faktor.mk/grafika-zemjite-od-kade-doagaat-najmnogu-migranti

Меѓународната организација за миграција (ИОМ) соопштува дека од почетокот на годината во Европа преку Средоземното Море влегле 593.432 имигранти и бегалци. Според ИОМ најмногу имигранти и бегалци примила Грција – 453.912, а во Италија пристигнале 136.408.

Според ИОМ, чие седиште е во Женева, над 3.100 лица се удавиле во Средоземното Море оваа година, обидувајќи се да стигнат до бреговите на Европа. Деведесет отсто од нив загинале по морската маршрута меѓу Либија и Италија. Исто така во друг извештај фронтекс стои дека :Во Европа во минатата година влегле околу милион мигранти, додека државите членки на ЕУ пријави 1,82 милион илегални премини на границите, соопшти европската Агенција за надворешни граници Фронтекс.Бројот на луѓе кои илегално ја минале границата на државите од ЕУ минатата година бил најмалку шест пати поголем од претходниот рекорд, постигнат во 2014 година, додека бројот на барања за азил во 2015 година нараснал на 1,35 милиона, се наведува на сајтот на Фронтекс.Околу 764.000 илегални премини биле регистрирани на западнобалканската маршрута, главно на границата на Унгарија и Хрватска со

Србија.Голем број луѓе кои илегално ја минале границата првпат биле регистрирани кога од Турција пристигнале на грчките острови, а подоцна повторно биле регистрирани кога минале некоја од надворешните граници на ЕУ на Западен Балкан.Најголемиот број илегални премини или речиси 885.400 се забележени на источномедитеранската маршрута, особено на грчките острови во Егејско Море, а повеќе од 90 остто од таквите премини или 803.000, биле пријавени во втората половина од годината.Сиријците го сочинуваат наголемиот број од новодојденците, иако бројот на Авганистанци бил значително нараснат пред крајот на годината, додека Ирачаните се на трето место меѓу мигрантите кои ја користат оваа маршрута.Во 2015 година, бројот на мигранти кои стигнале преку централномедитеранската маршрута опаднал за околу една десетина, на 154.000, во голем дел заради тоа што Сиријците почнаа да ја користат источномедитеранската маршрута.[10]Меѓутоа, бројот на мигранти од источна и западна Африка нараснал за 42 отсто, на повеќе од 108.000, а голем број од нив пристигнале од Еритреја.За превозот на мигранти во текот на минатата година повеќе биле користени гумени чамци, наведува Фронтекс, потсетувајќи дека биле спасени околу 40 отсто од луѓето во регионот на централен Медитеран и 90 отсто од оние кај грчките острови во Егејско Море.Рекордниот број мигранти кои итаа кон Европа доведе и до раст на бројот на шверцери со луѓе, на повеќе од 12.000, а меѓу нив доминираат Мароканци, Шпанци, Албанци и Сирийци, наведува Фронтекс.Бројот на поднесени барања за азил во 2015 година достигнал ниво без преседан, поточно 1,35 милиона, но бројот на одлуките што ги донеле државите членки за враќање на бегалците е релативно стабилен во споредба со претходната година.[11] Анализата на ризик на Фронтекс за 2016 година опишува и низа можни сценарија што се развиени во соработка со стручњаци од релевантни области.Годишната анализа на ризик, исто така, укажува на три главни ризици со кои се соочени државите на надворешните граници, а тоа се досега невидениот раст на миграциският притисок, растечката закана од терористички напади и зголемувањето на бројот на патници.

[10]Www.Економски lider , посетено на 12.02.2017
[11]http://vesti.mk/read/news/6749660/2525135/fronteks-

Се што е погоре наведено говори за обемот на бегалската криза и за последиците кои та сос себе ги носи .Оваа криза на виделина донесе и разоткри многу други проблеми и укажа на неподготвеноста на релевантните структури адекватно да се справат со неа.пред нас се псотавуваат повеќе прашања кои заслужуваат одговори .По некоја логика првото би било :Зошто се случи бегалската криза во Европа ?Постојат повеќе причини за бранот на бегалци и мигранти кои се упатија кон стариот континент. Според Американскиот “Vašington post”12 постојат осум главни причини за напливот на бегалци и мигранти од разни делови од африка:

*1.Војната во Сирија* : судирите во оваа земја траат веќе четири години и нема знации дека наскоро ќе заврши . Нема ,непостои се ушт дипломатска активност која би го спречила судирот.Досега во војната се погинати околу 250 000 луѓе. Затоа не чуди желбата на луѓето да избегаат од државата.На ови бегалци се придружени и бегалци од земји каде сеуште има ограничени судири и насилства -Авганистан , Еритрејаидр ,

*2.Трасата на патот до Европа* : Сирија се граничи со Туција и токму преку таа земја , а потоа преку Грција , македонија и Србија одат кон посакуваните дестинации во Европа.

*3.Цената на транспортот:* Порано бегалците одеа преку Либија , а понатаму со бродови пристигнуваа до Италија. Цената на еден таков транспорт изнесува помеѓу петиљјади и шест илјади долари . Криумчарите сега за префрлање на мигранти во Европа преку Балканот наплаќа помеѓу две илјади и три илјади долари,а ризикот е помал .

*4. Време:*Временските услови се исто така битен фактор за зголемување на бранот намигранти .

*5.Поракатa на канцеларката Меркел :* Одлуката на Германија да ја суспендира даблинската регулатива според која бегалците се обврзани да бараат азил во првата земја во која ќе стапнат прдизвика воодушевување помеѓу сириските бегалци *Всушност* канцеларката Меркел изјави дека ќе обезбеди привремен предстој на сите бегалци .Оваа изјава дополнително ги мотивира бегалците наместо било која друга земја од западна Европа да ја одберат токму Германија за својa крајна дестинација .

[12]http://www.telegraf.rs/vesti/1760520-посетенона 13 .02.2017




Сл.бр.5

*6.Регрутацијата во Сирија* :Сирискиот председател Башар Ал Асад кон крајот на минатат година наредил регрутација на сите резервисти помлади од триесет години .Голем број млади луѓе ја напуштаат Сирија за да ја избегнат мобилизацијата

*7.Сириската власт* :контрадикторно со предходната причина но сириската власт во многу ја олесни процедурата за добивање на патни исправи , а на младите со плаќање на такса од тристотини долари им овозможи да можат да го одложат служењето на воениот рок и да си го сочуваат животот .

*8.Меѓународната заедница* :Пред големиот бран на мигранти Сирија ја имаа напуштено околу четири милиони лиѓе. Тие заминаа во оклкните земји -Турција , Јордан Либан .Но во тие земји имаа очајни услови за живот за што делумно е виновна меѓународната заедница. Токму заради ова луѓето кои ја напуштаат Сирија се одлучуваат за Европа која ги прифаќа и нуди подобри услови .

Веќе напоменавме дека зарди својата геостратешка положба Балканот во услови на актуелна бегалска криза се користи како единствена сувоземна рута преку која бегалците од Сирија и Ирак како и мигрантите од ширум Азија и северна Африка прку Блискиот Исток пристигнуваат и влегуваат во земјите на Западна Европа. Оваа рута е позната како Балканска рута . Бегалците и мигрантите пристигнуваат во Турција , па потоа прку Грција пристигнуваат на територијата на Р.Македонија па преку Србија влегуват во Хрватска и Унгарија а

потоа стигнуваат до своите крајни дестинации кои најчесто се Австрија и Германија.

Оваа така наречена Балканска рута ,покрај правецот Трција -Грција - македонија -Србија -има и свои алтернативни правци така наречени ограноци .Еден од нив е Бугарскиот огранок:Околу девет проценти од луѓето кои пристигнуваат во Србија тоа го прават од Бугарија. Доколку се фрли поглед на географската карта, правецот преку Бугарија делува совршено логично: земјата со Турција дели 240 километри копнена граница која се уште целосно не е затворена со ограда, иако официјална Софија има таков план. Со минувањето преку Истанбул и Едрене до Бугарија, мигрантите го избегнуваат опасниот пат преку морето за кој шверцерите наплаќаат по 1.200 долари.Но, за познавачите на приликите таа рута не е логична. Одамна е позната бруталноста на бугарските полицајци кон бегалците. Поради тоа Софија е на мета на остри критики од организациите како Про-Азил, а на форумите кои ги посетуваат бегалците Бугарија е на прво место на листата на земји кои треба да се избегнуваат. И репортерите на ДВ на Балканот сретнаа повеќе бегалци кои раскажуваат дека бугарските полицајци ги тепале, малтретирале и ограбувале. Во октомври еден полицаец застрела бегалец од Авганистан кој ја минал границата од Турција. Но шверцерските групи и тука се активни. Во ноември, американскиот Вол Стрит Џрнал пишуваше дека 500 луѓе дневно минуваат кон Србија а за услугата на „помагачите" им плаќаат околу 3 (три ) илјади долари.[13]Другиот огранок е: Јадранска рута:„Отворени се и нови рути преку Албанија и Црна Гора, кои понатаму треба да продолжат кон Хрватска, и тоа се обидуваме да го спречим", тврдеше кон крајот на јануари Ранко Остоиќ, тогашниот министер за внатрешни работи на Хрватска.

Сепак, до денес премините преку оваа рута се на ниво на статистичка грешка. Тоа го потврди и црногорскиот премиер Мило Ѓукановиќ во разговор за ДВ. „Целосно ги мобилизиравме сите структури на домашната политика за да бидеме подготвени за евентуални промени на рутата", рече тој.Доколку бегалците сакаат да ја избегнат Македонија, можна е и рута преку Албанија и Косово до Србија. Тука постои и една политичка предност. Имено, и покрај

[13]http://www.dw.com/mk/ , посетена на 23.02.2017

најавите на премиерот Вучиќ дека е подготвен да ја затвори границата кон Косово, тоа е тешко изводливо. Во официјалниот речник на Белград таму и онака се работи за „административна линија" а не за меѓудржавна граница, а Косово е „јужна покраина". Сепак, експертите сметаат дека е малку веројатно бегалскиот бран да тргне по овој пат.[14]

Големиот бран на мигранти и бегалци стана закана за геополитичката состојба на многу европски држави . Геополитиката како наука претставува наука од редот на општествените научни дисциплини која се занимава со проучување на општествените ,економските и демографски политички процеси на државите како единки зависни и распоредени во единствен географски простор. Главна дефиниција на геополитиката, која доминирала подолго време е дека таа претставува концепција која ја објаснува политиката на државата преку природно географски услови,, географската положба и расните разлики Како најглавни чинители во рамки на проучувањата и спроведувањето геополитички анализи се земаат политичките процеси, одлуки и системи економските остварувања и можности и воено безбедносните способности и сила на државите врз основа на нивната географска положба, односно географскиот простор на кој се наоѓа нивната државна територија и нивната позиција во светот во однос на важните геостратешки точки или положбата во однос на другите држави. Турција се најде прва на удар од бранот бегалци од Сирија. Досега на Турска територија се влезени близу два милиони бегалци од Сирија.Познато е дека Сирија и Турција не се иречиси никогаш не биле во добри односи .Особено сега кога турција учествува во воените судири на сириска територија и од кога сириските сили срушија турски воен авион .Турција отворено се залага за заминување на сирискиот председател Башар ал Асад .Според податоците на турската влада од 2011 година наваму во турција се регистрирани повеќе од 150 000 сириски новороденчињњa. Иако овие деца не добиваат автоматски турски државјанства голема е веројатноста дека никогаш нема да се вратат во Сирија . Долгорочно тоа би довело до демографски промени во Турција . Ова се потврдува и на „терен„ каде што имаме отворени повеќе сириски продавници ,услужни објекти и сл , а дури постоии и појавување на новини на арапски јазик наменети за сириската

[14] http://www.dw.com/mk/ , посетена на 23.02.2017

дијаспора.[15]Сето ова сугерира дека започнува нова ера на мигрантската историја на Турцији Сријците ќе остават своја трага во турското општество во целина . Бројот на фирми во сопственост на сириски државјани е рапидно зголемен од 2010 д0 2015 година од 30 на 1599. Покрај тоа се отвараат и арапски училишта . Ердоган во неколку наврати ветуваше државјанства за овие бегалци. Доколлку се оствари тоа ефектот би бил уште подраматичени бидејќи за неколк години Сиријците би сочинувале завиден број од турското гласачко тело .На тој начин би се создала сериозна противтежа на курдското малцинство.Јазолот уште повеќе се заплеткува и од продолжената небезбедност во Турција, затоа што два месеци по парламентарните избори во јуни, сеуште не е составена влада и ако тоа не се случи до недела, во земјата ќе има нови избори.Нараснуваат конфликтите на Турција со ПКК и Исламска држава. Нередите кои се зголемуваат во земјата започнаа да вклучуваат терористички напади, како оној врз американскиот конзулат во Истанбул од левоекстремистичката организација Револуционенран партија и фронт за народно ослободување, која преземајќи ја одговорноста вети дека „борбата ќе продолжи се додека империјализмот и неговите соработници не ја напуштат земјата, и секој сантиметар од нејзината територија не биде ослободен од американски бази".Истовремено, најмалку осум души беа убиени во напад врз турските сили за безбедност, неколку недели откако Анкара ги започна операциите против Исламска држава и курдите.Во еден истанбулски кварт, автомобил беше искористен за напад врз полициска станица од кое резултатот е три полицајци и седум граѓани ранети. Едниот од напаѓачите беше убиен при бомбашки напад, а други двајца и еден полицаец беа убиени во престелката која следуваше.Четири полицајци пак беа убиени кога блиндирана кола беше истуркана од патот, а еден војник загина и седум беа ранети кога курдски бунтовници отворија оган врз воен хеликоптер во Ширнак. На основа на тоа што се соочи со војната лице во лице, режимот на Ердоган изврши стотина апсења на сомнителни лица.[16].Конфликтот на границите на Турција со Сирија и Ирак и политичката несигурност кај источниот сосед, се закануваат да ги дофатат и грчко-турските односи, затоа што тие доведоа до нагол скок на проток на бегалци кон Грција.Опасните околности кои се закануваат да ја дестабилизира

[15]Извор : http://www.newsweek.rs, посетен на 1.03.2017
[16]http://reporter.mk/konfliktot-na-turtsija-so-sirija-i-irak/ посетено на 1.03.2017

Турција и економски и политички, предизвикува голема тревога и во Грција. Постојат многу опасности. Евентуален националистички бум во соседната држава може да испровоцира потреси во грчко-турските односи преку евентуален обид за извезување на кризата. Исто така можно е ситуацијата која добива драматични размери да се влоши заради се поголемиот регистриран број на бегалци кон територијата на Грција.Опасните околности кои се закануваат да ја дестабилизира Турција и економски и политички, предизвикува голема тревога и во Грција. Постојат многу опасности. Евентуален националистички бум во соседната држава може да испровоцира потреси во грчко-турските односи преку евентуален обид за извезување на кризата. Исто така можно е ситуацијата која добива драматични размери да се влоши заради се поголемиот регистриран број на бегалци кон територијата на Грција.Последиците за Грција од една голема бегалска криза би биле огромни. НАТО и САД треба неодложно да се вклучат и да и помогнат за сопирање на конфликтот, особено сега кога економската ситуација во Турција е толку лоша, смета поранешниот командант на силите на Нато, адмирал Џејмс Ставридис.[17]Нараснатите конфликти на Турција со ПКК и Исламска држава ја засегаат и Грција, проценува шефот на фондацијата Маршал за Европа, Јан Лесер. Како сојузник на Нато и сосед, Грција е директно засегната за безбедноста и стабилноста на Турција, и од еден повеќестрана иницијатива. Грчките интереси ќе бидат под удар од евентуален скок на турски националзам, од создавањето на една уште поголема несигурност, и од сите последици кои би можеле да произлезат од еден таков развој за економијата на Турција, а исто и за нејзините однпси со ЕУ, посочува Јан Лесер.[18]Следејќи ја т.н балканска рута после Турција следна дестинација е Грција . Грција е првата земја членка на Европската Унија на чија територија стапнуваат бегалците . Најчесто тие тоа го прават по воден пат . Овој начин не е секогаш безбеден .многу често се случува да се случуваат несреќи со смртни последици . Сопред грчкото координативно тело за управување со бегалската криза. Во Северна Грција до (1.04.2016 )се наоѓаат 28.813 бегалци од кои најмногу во Идомени на границата со Македонија околу 11.318 .Во регионот на Атика се наоѓаат 14.608 бегалци од кои 5.377 во пристаништето на Пиреја , на североисточните грчки

[17]Reporter ,mk посетена на 23.02.2017
[18]Reporter ,mk посетена на 23.02.2017

острови има околу 5720 додека 2905 мигранит се сместени во други места во централна Грција. Според истото тело во Грција во еден миг имало 54.000 бегалци .[19]Грчката крајбрежна стража остојано учествува во акција на спасување на мигранити .Истовремено грчката полиција се бори против организираниот криминал на илегално пренесување на бегалци . Пред се тоа се камиони кои превезуваат др роба или бродови . По грчките острови каде што постојат бегалски кампови растат тензиите помеѓу домашното население и бегалците .Таков беше случајот на грчкиот остров Киос .Градоначалникот побара затворање на бегалскиот камп Суд .На ова претходеле големи немири . Впрочем бегалците сместени во овој камп предизвикале огромен пожар при што демолирале автомобили и продавници во сопственост на домашните жители и ги напаѓале жителите со средства за огномет. Била неопходна интервенција од специјалната полиција .Меѓутоа и таа била каменувана. Следела освета .Со запаливи бомби биле запалени два бегалски шатори , а група од околу триесетина луѓе нападнала двајца волонтери кои помагале во камопот. Околу 150 домашни жители веќе го напуштиле островот.Активисти на екстремната десница постојано со големи камења го каменуваат кампот. Напетоста помеќу бегалсите постојано раста особено по опстигнувањето надоговорот помеѓу Европската унија и Турција со што повеќе илјадници мигранти против своја волја се држат на грчка територија. Пред тој договор за враќање на мигрантите тие можеа слободно да се движа по островите и да ги напуштаат камповите и со траект да одат на грчко копно и од таму воглавном да заминат на север преку Балканот во западна Европа. После 20 март 2016 грчката влада ги сместува во пет центри на егејските острови самос , Хиос ,Лезбос ,Кос и Лерос.На пример :стотина мигранти на островот Хиос ја искинале бодликават жица околу центарот каде биле сместени и се упатиле кон пристаништето .За тоа колку е алармантна состојбата со бегалците во Грција говори и Грција повеќе не може да прими ниту еден бегалец, алармира грчкиот министер за миграциски политики Јанис Музалас во интервју за германскиот неделник „Шпигел" објавено на 26.03.2017. Тој ги повика земјите-членки на ЕУ да не ја обноват Даблинската регулатива, која дозволува враќање на барателите на азил во првата земја од ЕУ во која влегле. Најмногу што можеме

[19]http://www.blic.rs/vesti/svet/u-grckoj-trenutno-vise-od-54000-migranata/

е да примиме многу мала група, како симболична потврда дека не ги отфрламе во целост Даблинските регулативи. Сега капацитетите ни се исцрпени. Од договорените 32.000 бегалци, само 10.000 се префрлени во други земји-членки. Нашата позиција е многу јасна: Не можеме да примиме ниту еден нов бегалец. Апелирам на здрав разум од Европа – вели тој.Музалас појаснува дека Грција е веќе многу оптоварена со 60.000 бегалци што живеат на нејзината територија, бројка што, во однос на населението, може да се спореди со тоа на Германија.[20]

Во меѓувреме ЕУ и Турција постигнуваат договор за изнаоѓање решение за бегалската криза со кој и се даваат на Анкара концесии за подобри односи со Унијата. Тој дека договорот предвидува „враќање на сите илегални мигранти кои пристигнале во Грција од Турција, од 20 март 2016". Висок турски функционер во меѓувреме ја коригираше изјавата на Бохотка, тврдејќи дека враќањето на мигрантите ќе започне од 4 април.За овој договор согласност дадоа сите 28 лидери на земјите-членки на ЕУ. Турскиот министер за надворешни работи изјавува дека Давутоглу вели дека главната грижа на Анкара е судбината на речиси 3 милиони сириски бегалци во неговата земја. Но во истовреме, тој бара досега невидени концесии од ЕУ. За ЕУ, се очекуваше дека договорот ќе донесе малку мир по повеќемесечните жестоки кавги меѓу нејзините членки околу мигрантската криза, и на некој начин ќе значи „аутсорсинг" на бегалскиот проблем во Турција.Согласно договореното, Анкара ќе ги преземе назад сите илегални мигранти кои ќе преминат кон Грција, вклучително и Сиријците, а во замена, ЕУ ќе преземе илјадници сириски бегалци директно од Турција и на земјата ќе и исплати уште поголема парична помош, ќе дозволи безвизен режим за нејзините граѓани и напредок во преговорите за членство во ЕУ. ЕУ се согласи и да ја забрза исплатата на 3 милијарди евра кои од претходно и беа ветени на Турција, како и да исплати дополнителни 3 милијарди до 2018 година, откако Анкара ќе понуди листа на проекти кои би се квалификувале за помош од ЕУ. Во истовреме, ЕУ се соочува и со сериозни правни пречки во однос на планот за враќање на мигрантите во Турција.Преовладува сомнеж меѓу земјите-членки и адвокатите на ЕУ околу прашањето дали договорот може да биде легален согласно меѓународното

[20]Извор: http://www.plusinfo.mk/vest/37572/djentiloni-begalskata-kriza-zakana-za-dushata-na-evropa

право. И бројни хуманитарни организации го критикуваа планот и го прогласија за предавство на европските принципи. урција се обврза дека ќе ги прифати сите мигранти кои по 20-ти март илегално влегле во Грција. Планот предвидува дека за секој сириски бегалец кој ќе биде вратен во Турција, еден сириски бегалец ќе биде преместен во некоја земја од ЕУ од Турција, најмногу 72.000. Брисел за возврат на Анкара ѝ вети уште три милијарди евра, забрзување на пристапните преговори за членство во ЕУ и забрзување и укинување на постапката за либерализација на визите за турските државјани до крајот на јуни, со напомена дека Турција треба да ги исполни зададените 72 критериуми.Анкара потоа го зголеми своето барање за дополнителни три милијарди евра, , вкупно шест милијарди евра до 2018 година, и истакна дека не е обврзана да го почитува договорот доколку Турците до јуни не бидат иземени од визниот режим во ЕУ. За таа цел Ангела Меркел со неколку европски челници престојуваше и во Турција во посета која во Брисел е оценета како „многу чувствителна", со надеж дека ќе ги смират тензиите во врска со договорот за мигрантите меѓу Европската унија и Турција, за кој Анкара се заканува дека нема да го почитува.Меѓутоа не само турција има отпор коновој договор .Овој договор донесе и до поделеност помеѓу самите членки на евопската унија . Најгорливи противници се членките на т.н вишеградска група - која ја сочинуваат Чешка, Унгарија, Полска и Словачка. „Европската унија капитулираше пред Турција во бегалската криза под влијанието на германската канцеларка Ангела Меркел, со последици коишто не можат да се предвидат. Со тој договор меѓу Брисел и Анкара, кој Меркел силно го поттикнуваше, „капитулиравме пред Турција. Таква работа никогаш не е добра", Безбедноста на Европската унија не може да биде во рацете на надворешната сила",Ние, членките на ЕУ, веќе ѝ дадовме на Турција три милијарди евра, наскоро ќе дадеме уште три. Невозможно е да се предвиди до каде тоа ќе оди,-че изјави Унгарскиот премиер Виктор Орбан по повод потпишувањето на спогодбата.[21]Литванската претседателка Далиа Грибаускаите е уште еден претставник на Е.У кој со скепса гледа на постигнатиот договор.„ Предлозите за соработка со Турција таа ги критикуваше како „исклучително комплицирани, многу тешко применливи и на работ на

[21]http://vesti.mk/read/news/8851179/3186092/orban-eu-kapitulirashe-pred-turcija-vo-begalskata-kriza , посетено 2.03.2017

меѓународното право". Навистина, постои толкава редица приговори, што е тешко да се верува во сериозен успех.Почнувајќи од правните прашања: дали секој бегалец ќе има шанса за одделна проверка на неговото барање за азил? Зашто, паушални масовни протерувања не се дозволени. Ќе постапува ли Турција правилно кон останатите бегалци освен Сиријците, кои најрадо сите би ги протерала? ЕУ не смее да дозволи реадмисија во држави каде бегалците би биле прогонувани.Во прашање се и практични тешкотии: може ли Грција да излезе на крај со обработката на барањата за азил, а пред се' со протерувањето на бегалците во Турција? Во моментов тоа не е многу изгледно. Европа во таков случај би требало да биде подготвена на многу грди сцени, кога можеби цели семејства би пружале огорчен отпор против принудувањето да ја напуштат Европа.[22]После Турција , Грција ,Македонија следна на рутата е Србија . И Србија како и Македонија не е членка ни на Европскат Унија ниту на НАТО. Иако српскиот министер за труд и социјала на Србија Ненад Иванишевиќ ќе изјави дека „иако најважна задача на Србија е да ги заштити интересите на државата таа истовремено ќе покаже дека сме отворена земја и дека на секој еден кого неволјата го донела овде ќе биде прифатен. Битно е нашите граѓани да знаат дека бегалците од Алепо и Кандахр не се терористи и државните органи треба да водат сметка за тоа особено полицијата. Должни сме да им помогнеме на овие луѓе колку е тоа во наша моќ.[23]Сепак ситоацијата на терен не е розева , напротив дури е драматична . Сеуште недостасува емпатија и разбирање за тоа кои се тие луѓе кои доаѓаат. Еден од приоритетите на балканската рута е токму брзото движење на луѓето и нивната решеност да одат понатаму. Друг проблем е и раздвоеноста на семејствата.Српските хуманитарни работници се судруваат со многу проблеми .Начјесто се дава само хуманитарна подршка без заднинска поддршка, особено кога постои можност за кршење на човековите права. Со затварањето на балканската рута ситоацијат се усложнува. Криумчарењето на мигранти станува се поприсутно , а истовремено недостига стручност на луѓето кои работат со бегалците ,односно тие немаат предходни знаења поврзани со прашањата за азил и за бегалци. Тешко му е на ситемот како што е српскиот да одговри на потребите на оваа криза .Моментално процедурата поврзана со постапката за барање

[22]http://www.dw.com/mk/дилот-со-турција-полн-со-отворени-прашања/a
[23]http://www.blic.rs/vesti/drustvo/ivanisevic-pokazacemo-da-je-u-srbiji-svako-dobrodosao

азил ја спорведува полиицијата . Бигалците се исплашени дека со условите на ограничено движење и со затварање на границите на балканската рута државите ќе го негираат проблемот со кои тие се соочуваат .Постојат многу проблеми во поглед на спроведување на постапката за спроведување на постапката за азил .Српските власти како да не го разбираат во целост концептот на бегалците.Доколку едно лице не побара азил тоа незначи дека тоа лице не е бегалец.Едно лице станува бегалец во оној момент кога ќе ја напушти својата земја од причини кои се наведени во Конвенцијата на Обединетите нации од 1952 година. Еден од клучните проблеми со кои се судрува Србија кога станува збор за бегалската и мигрантска криза е регистрацијата на овие личности . „Постојат луѓе кои доаѓаат на пример од Бугарија и на кои не им се дозволува да започнат постапка за регистрација . Што се однесува пак до постапката поврзана со барањето азил таа е неефикасна и неправична. Првостепената постапка за добивање на азил трае подолго од законски предвидените два месеци."[24]Власта и понатака автоматски го применува концептот за безбедна трета земја. И понатака постојат одлуки со кои на барателите на азил им се одбива барањто на основа на концептот за безбедност на трета земја бидејќи тие патуваат низ Турција , грција и Македонија .Србија во целост ги занемарува своите меѓународни обврски кои ги има превземено после ратификацијата на конвенцијата на ООН кога во 2008 година одлучува да воспсотави сопствена постака за добивање на азил. Кризата најлесно би се решила битно е да се дозволи на барателите на азил еден пристап кој би бил правичен и би им овозможил на оние кои одлучиле да останат на вистински начин да се интегрираат во општеството.Србијаима казнето близу 20 000 за нелегален престој што е во спротивност со членот 31 од Женевската конвенцијаод 1951 година. Во мај 2015година Комитетот на Советот на Европа ги објавува своите забелешки и јасно забележуваат дека Србија нема соодвтна постапка за принудно враќање ,во која поединечно секој случај би бил разгледуван и би се разгледувал дали постои кршење на човековите права во случај на враќањето во трета зеја или во земјата на потекло .Луѓето кои се држат во транзитните зони или на ничија земја меѓу Македонија и Србија не се третирани како лица на кои им е одземена

[24]Suočavanje sa izbegličkom i migrantskom krizom, Никола Ковачевиќ , Бг.2016

слободата што е во спротивност со обврзителната пркса на Европскиот суд за човекови права (член5-1-ф).Следна на балканската рута на бегалците и мигрантите е унгарија која негледа баш со симпатии на мигрантите и на бегалците.Унгарија е членка на Европската Унија и на т.н Вишеградска група.Вишеградската група (Полска, Чешка, Словачка и Унгарија) е основана пред 25 години со цел да се поттикне европската интеграција на четирите поранешни комунистички држави. Денес земјите се членки на ЕУ, но се чини како да поттикнуваат европска поделба.Идејата на канцеларката Ангела Меркел за распределба на бегалците во ЕУ за нив е ужас. Тие го отфрлаат и планот Турција да ги спречува бегалците да заминуваат натаму во насока на Европа, а ЕУ од Турција да презема контингенти со бегалци. „Контингенти", вели словачкиот министер за надворешни работи Мирослав Лајчак за магазинот „Шпигел", „ја зголемуваат желбата за миграција". Владите на државите од Вишеградската група сметаат дека пред сè канцеларката Меркел е одговорна за бегалскиот прилив. „Замислата е едноставна", рече неодамна саркастично словачкиот премиер Роберт Фицо: „Ќе си поканам гости, а кога ќе забележам дека ми станува премногу, ќе чукнам на вратата на соседот и ќе му речам: грижи се за моите гости." Словачка не сака да биде тој сосед.[25]Државите од Вишеградската група сега сакаат да го решат проблемот со свои раце. За таа цел сакаат затворање на Балканската рута. Унгарскиот премиер Виктор Орбан вели дека друг избор нема: „Ако се слушавме ние, регионот одамна ќе беше затворен", рече тој неодамна. Словачкиот министер за надворешни работи Лајчак за „Шпигел" вели. „Сè додека нема заедничка европска стратегија, легитимно е државите на Балканската рута да си ги штитат границите. Ние во тоа ќе им помогнеме." Орбан е уверен дека со тоа не се следат индивидуални интереси, туку дека се исполнува европска мисија: „Мора да обезбедиме сигурност на континентот." Шефовите на држави или влади на Вишеградската група сметаат дека на тој начин им даваат поддршка на земјите долж Балканската рута. Чешкиот премиер Бохуслав Соботка зборува за „солидарност" со земјите од Западен Балкан.Кога централноевропските ЕУ-држави есента се спротивставија да примат повеќе бегалци, од страна на Западот беа многу критикувани. Дури се размислуваше како казна да им се

[25]http://www.dw.com/mk/вишеград-си-води-сопствена-политика-за-бегалците

скратат пари од ЕУ-фондовите. Но, во меѓувреме тие имаат сè повеќе приврзаници. Дури и францускиот премиер Валс отфрли воведување цврсти квоти и со тоа ѝ заби нож в грб на Меркел. И Австрија тендира сè повеќе кон изолирање.[26]Унгарија ги шокираше сите кога унгарскиот парламент изгласа да се подигне и ограда и бодликава жица на границата на Унгарија со Србија.



6. Мигрантите на пред Унгарската ограда: *извор https://www.google.com*

Унгарија дополнително стационира и база во која би сместила 150 војници. Унгарскиот министер за надворешни работи Шимичко таа одлука ќе ја оправда со зборвите дека војниците работата на одбрана на границата за да спречат стотина илјади луѓе да маршираат низ земјата како што тоа било во 2015 год.Воената база се наоѓа во Сантово на околу 220 км. Од Будимпешта. Премиерот пак Виктор Орбан го прада поставувањето на оградата и камерите за надзор со следните зборови: Оградата може да сопре голем број на мигранти ,така што луѓето во Австрија и Германија може мирно да спијат. Унгарците ја штитата европската надворешна граница".[27]Понатака тој вели дека миграцијата е тројанскиот коњ на тероризмот. Луѓето кои доаѓаат кај нас несакаат да живееат во склад со нашата култура и обишаи туку според своите ама по европски стандади на живот. Тој смета дека бегалците кои во најголем

[26]Кристоф Хаселбах,кулмина :Вишеград си води своја политика ,
[27]http://www.telegraf.rs/vesti/, посетена 29.03.2017

број се муслимани се закана за христијанскиот идентитет на европа и на нејзината култура. Унгарската влада за подигање на оградата има издвоено 130 милиони евра.Унгарија смета дека кризата со мигранити и бегалците ќе трае подолг период се додека состојбата во земјите од каде што доаѓаат не се промени. Таа смета дека уште долго ќе биде под притисок бидејќи допрва се очекува нов наплив бидејќи милион луѓе се со намера да тргнат во Европа по подобар живот.Унгарската влада е на мислење дека нивната држава е сеуште под опсада и дека заради тоа треба да ја зајакне својата граница со Србија со нова ограда и термо камери. Во меѓувреме Унгарскиот парламент одобри нови прописи со кои се ограничуваат правата на барателите на азил, а ан полицијата и дава поголеми овластувања во враќањето на мигранитите назад на територијата на Србија. Со овие прописи предвидено е сите баратели на азил додека не се реши нивното барање ќе бидат задржани во кампви направени од контењери на границата со Србија , бидејќи со горенаведените прописи сите други бегалски центри во Унгарија се затвараат. По новите правила молба за право на азил мора да достави секој мигрант лично до надлежниот орган исклучиво во транзитната зона и до конечната одлука мора да чека тука. Доколку сака да ја напушти транзитната зона мигрантот може да го направи тоа само во правец на Србија. Надлезжниот орган за решавање на барањата на азил има право да ја прекине постапката доколку лицето кое го предало барањето во писмена форма да побара повлекување на барањето или да ја негира и изјавата или доколку ги спречи надлежните да го фотографираат или одбијат да дадат отисоци на прсти или долоку го напушти транзицискот камп.при тоа и нема право на жалба. Истовремено се менува и законот за заштита на децата: децата -мигранти кои пристигнуваат без придружба на возраст од 14-18 години исто така се сместуват во транзитниот центар. Децата пак помлади од 14 години ќе бидат сместени во институции за заштита на деца.Организациите за заштита на човековите права меѓу кои и Обединетите нации ги критикуват овие прописи на Владата на Унгарија бидејќи сметаат дека на тој начин на барателите на азил им се ускратува правото на добивање правна помош и декатоа би имало последици врз физичкото и психичкото здравје на бегалците. После одлуката на Унгарските власти да ја затворат границата за бранот мигранити тие се упатија кон границата со Република Хрватска решени да стигнатдо својата конечна дестинација.На железничката

станица во малиот град Товарник преку ноќ влегуваат повеќе илјади бегалци. Хрватската влада формира штаб за координација на активностите поврзани со бегалците. Тогашниот премиер Зоран Милановиќ по повод бегалската криза на седница на владата ќе изјави :„Ако бројот на бегалци се зголеми незнам дали ќе можеме сите да ги евидентираме.Мораме пред се да водиме сметка за хрватските интереси „.Заменик министерот за надворешни работи и европски прашања Јошко Клисович на 17.09.2015 ќе изјави дека : Хрватска ја разгледува можноста за затварање на границата заради голем прилив на бегалци кои влегуваат на нејзина територија.[28] На 17.09.2015 Хрватската влада носи одлука за затворње на границата со Србија.Хрватската председателка Колинда Грабар Китаровиќ од началникот на генералштабот на хрватската војска ќе побара подигнување на степенот на подготвеност на војската во случај да треба да интервенира и да ја заштити државната граница од илегалните мигранти. Таквата одлука ќе предизвика нервозни реакции и од страна на српската влада но и на хрватската. Српските власти запретија дека доколку Хрватска ги затвори своите граници за мигранитите тие ќе побараат заштита пред меѓународните судови . Истовремено се случија и тензии и на границата со Србија и Унгарија кога при обиди да се спречат демонстрациите на бегалците во камот Хоргош унгарските власти употребија прекумерна сила употребувајќи водени топови и гумени куршуми тврдејќи дека бегалците каменувале и повределе четиринаесет унгарски полицајци. Нивната интервенција имаше дострел и на српска територија.

Австрија ,Германија Франција беа и се трите најпосакувани дестинации на бегалците и на мигрантите.Токму затоа овие држави се најзасегнати и во ангажираноста и во справувањето со кризата. За таа цел Германија и Франција одржуваат Француско-германскиот министерски совет, со кој претседава францускиот претседател Франсоа Оланд и германската канцеларка Ангела Меркел, кој завршува со усвојување на серија заеднички одлуки, кои сведочат за „цврстината" на партнерството на двете земји, јавува дописникот на МИА. Одлуките се напишани на 18 страници, поделени во седум поглавја: Интеграцијата во рамките на двете општества – мисијата Ејро-Крамп-

[28]http://www.b92.net , посетена нна 28.03.2017

Каренбауер, Миграциите и бегалците, Борбата против тероризмот, Надворешната политика, безбедносната и одбранбената политика, Климата-енергијата, економските и социјалните прашња, Образованието, високото образование, науката и културата и Прекуграничната соработка. Во однос на бегалската криза и миграциите, Франција и Германија сметаат дека единствено ефикасно и трајно европско решение може да биде одговор на приливот на бегалци на границите на Европа. Притоа се бара почитување на сите одлуки донесени од страна на Европскиот совет и нивно брзо спроведување. Истотака Германија и Франција и изразуваат поддршка на Грција, која „во тешки услови" ја остварува својата одговорност во рамките на Шенген просторот и раководењето со надворешните граници. Двете земји најавија испраќање на околу 600 свои агенти за потребите на Фронтекс и на бирото за поддршка на азил ЕАСО, кои ќе треба да ги засилат центрите за регистрација и да придонесат во операциите за враќање и реадмисија. Најавено е и вклучување на двете земји во операцијата за контрола на грчко-турската граница, и воедно повикуваат на целосно спроведување на договорот ЕУ-Турција. Но во однос на грчко-македонската граница не е кажано ништо. Париз и Берлин се на мислење дека Европа треба да се подготвува за глобалните миграциски текови, со зајакнување на Шенген зоната и со заштита на надворешните граници на ЕУ, со засилување на европскиот систем за азил, како и на политиката за враќање на лицата кои немаат потреба од меѓународна заштита. Двете земји се согласни и за борбата против тероризмот, каде се споменува Балканот во делот за контролата на огненото оружје. Ова во рамките на промената на европското законодавство за трговија и поседување и издавање на дозволи за оружје во ЕУ. Во однос на Балканот тие сметаат дека е потребно да се засили борбата против недозволената трговија со оружје. Тука е истакната размената на информации и судската соработка. Австриската министерка за внатрешни работи Јохана Микл-Лајтнер во своето излагање пред пред Федералниот Парламент во Виена ќе изјави .„Австрија и Германија не можат сами да ја решат бегалската криза, затоа што за неа е потребо заедничко европско решение, Лани добивме над 89.000 барања за азил. Тоа е повеќе од сите останати земји членки на ЕУ заедно. Австрија ја оправда својата хуманитрана традиција. Заедно со Шведска и Германија, Австрија на свој грб презеде најголем дел од товарот, изјави Микл-Лајтнер, додавајќи дека колку за за

споредба Словенија и Хрватска заедно лани примиле само 500 барања за азилСпоред неа, како што јави АПА, одделни земји члени на ЕУ биле принудени да преземат индивидуални мерки за спречување на бегалсиот прилив, со цел да поттикнат постигнување заедничко европско решение за кризата."[29] Германија очекува да одбие дури до 75.000 барања за азил поднесени оваа година од страна на мигранти кои главно доаѓаат од регионот на Југоисточна Европа, зада се фокусира на бегалците од војните штоги зафатија Сирија и Ирак.МагазинотДер Шпигел објавува дека од Германија досега се депортирани повеќе од 10.000 странци оваа година, и тоа претежно од Србија и Македонија, и се работи заброј на депортирања како за цела 2014 година.Германија очекува рекорден прилив на околу 800.000 бегалци и емигранти оваа година, четири пати поголем од нивото од минатата година. Со релативно либерални закони за азил и привилегии, Германија е најголем прифатен центар на луѓетокои бегаат од војните на Блискиот Исток како и на економски мигранти од југоисточна Европа.Шефот на Федералната агенција за миграции и бегалци, Манфред Шмит, изјави за Шпигел дека германските власти ќе одлучуваат за повеќе од 75.000 барања за азил поднесени од мигранти од земјите од Западен Балкан до крајот на 2015 година, и дека речиси сите од нив ќе бидат одбиени.Канцеларот Ангела Меркел изјави дека Германија може да се справи со рекорден број на бегалци оваа година без зголемување на даноците или загрозување набалансираниот буџет.Коалицијата на Меркел очекува да се договорат за серија мерки , вклучувајќи сечење црвена лента за да се олесни изградбата на засолништа за азил, забрзување на процедурите за азил и зголемување на средствата за сојузните држави и градови. На дневен ред е и проширување на листата на земји кои се сметаат за безбедни – односно одбивање од правото за барање азил на лица од Косово, Албанија и Црна Гора. Меѓу земјите кои веќе се сметаат за безбедни се Србија, Македонија и Босна и Херцеговина. Несогласувањата помеѓу земјите членки се секојдневни и на повеќе нивоа.Така на пример постои несогласување помеѓу германија и данска.Шведски претставници се закануваат дека ќе поведат процес против Германија за прекршување на меѓународната конвенција според која земјите можат да ги вратат бегалците во земјите каде што првично се

[29]http://a1on.mk/archives/591603 , посетена на 21.04.2017

регистрирани.Официјален Стокхолм тврди дека Германија одбива да соработува на ова поле, не сака да ги прими назад бегалците кои што веќе ги регистрирала и затоа постои можност канцеларката Меркел да биде тужена пред Европскиот суд на правдата.Шведскиот министер за имиграција Морган Јохансон вели дека „неприфаќањето на барателите на азил кои што се регистрирани во Германија е прекршување на европските правила и доколку Германија одлучи да продолжи да ја применува оваа политика ние ќе почнеме процес пред Европскиот суд на правдата".[30]Јохансон вели дека Шведска официјално контактирале со германската влада а покрај оваа држава неколку други земји членки на ЕУ се погодени од однесувањето на Германија.Според „Даблинските правила" со кои се регулираат процедурите за беглаците во ЕУ барањето за азил треба да биде процесирано во земјата каде што бегалците прв пат се регистрирани.Во моментов во Шведска има околу 700 баратели на азил кои што наместо во Германија ќе чекаат решавање на нивниот статус во скандинавската држава а бројот на вакви случаи се очекува да расте, тврдат шведските власти. Иако официјалната француска политика во однос на бегалската криза е блиска со онаа на Германија , францускатa десници и тоа како е против .Лидерката на француската крајна десница Марин ле Пен говорејќи во Марсеј ја обвинува Германија :„Германија веројатно мисли дека населението ѝ умира и на секој начин се обидува да ги намали платите и да продолжи да вработува робови благодарение на масовното доселување"[31], Ле Пен исто така ја обвинила Германија дека се обидува да ѝ ја наметне својата емиграциска политика на ЕУ.„Германија не само што сака да управува со нашата економија, туку сака да нè присили да прифатиме стотици илјади азиланти", кажала таа, истакнувајќи дека Франција нема можност ниту сака да ги отвори вратите за „светската беда".Германија се соочува и со внатрешни проблеми .На пример Кризата со рекорден број бегалци ќе ја доведе Германија до буџетски дефицит во 2016 година, прогнозираат од Министерството за финансии на оваа земја.За споредба претходната прогноза беше буџетски суфицит."Во 2015 година Владата очекува мал вишок во државниот буџет", изјави германскиот заменик-министер за финансии Томас Щефен, цитиран од Wall Street Journal."Сепак, сегашните проекции за следната година, покажуваат

[30]http://sitel.com.mk/shvedska-kje-ja-tuzhi-germanija-za-begalskata-kriza,посетена на 23.04.2017
[31]http://www.mkd.mk/svet/vesti/le-pen-germ

речиси избалансиран буџет во врска со зголемувањето на трошоците најмногу поради сместувањето на бегалците ", додаде тој.Државниот буџет на Германија ги вклучува буџетите на федерално ниво, на ниво на поединечни провинции и локалните власти, како и трошоците за системот за социјалноосигурување.Претходно во октомври беше одлучено сојузниот буџет да ги удвои трошоците за поддршка на регионите во врска со бегалците.Оваа година во Германија се очекува да пристигнат до 800 000 луѓе, што е четири пати повеќе во однос на претходната година.Се очекува дека во Германија нема се зголеми обемот на државниот долг во тековната година, што се должи на повисоки од очекуваните даночни приходи како резултат на економскиот раст и најниска невработеност.Институтот за економски истражувања во Келн проценилe дека Германија ќе мора да издвои милијарди евра во наредните две години а сместување и интеграција на мигрантите доколку продолжи трендот на масовниот прилив на бегалци.Германските власти стравуваат дека во текот на оваа година би можеле да дојдат околу милиони мигранти, па поради тоа се проценува дека товарот на федералниот буџет ќе биде околу милијарди евра, јавува "Russia Today".[32]Само за сместувањето на мигрантите Берлин ќе треба да обезбеди околу милијарди евра. Дополнителните трошоци ќе бидат испланирани за да им обезбедат курсеви за германски јазик на мигрантите, како и процес на интеграција.Доколку продолжи истиот тренд на прилив на мигранти во 2017-та година, тогаш за истите потреби, трошоците ќе пораснат на 27,6 милијарди евра. Ова би значело дека министерот за финансии ќе мора да го направи буџетот за 2017-та година со задолжувања. Германскиот весник „Франкфуртер алгемајне цајтунг“ пишува дека „бунтот“ против Ангела Меркел се шири, со оглед на тоа дека отвореното писмо против нејзината политика за бегалците до вчера ја потпишале 126 членови на Христијанско-демократската унија (ЦДУ), како и дека меѓу потписниците се 38 пратеници во парламентот.Писмото минатата седница е испратено со 34 потписи, со главно барање да се затворат границите за бегалците кои доаѓаат во Германија преку сигурни трети држави, објави „Билд“.Тоа би значело целосно затворање на границата, затоа што Германија не граничи со несигурни држави, а оваа мерка би требало да се применува се додека шенгенската

[32]http://lokalno.mk/germanija-50-milijardi-evra-za-begalskata-kriza-vo-narednite-dve-godini , посетена на 21.04.2017

граница не функционира и додека другите членки на ЕУ не ги почитуваат своите обврски, бараат членовите на ЦДУ, пренесува Јутарњи лист.Ангела Меркел на состанокот со пратениците од коалицијата ЦДУ/ЦСУ во Бундестагот го одбила барањето бегалците да се распоредуваат на граница.Ако Германија како најголема земја ги затвори границите, тоа ќе има разорни последици по сите земји на балканската рута, дури и Австрија и Унгарија во тој случај ќе мора да ги одбијат бегалците, рекла Меркел пред пратениците. Пред Бундестагот ќе се најдат измените на законот за азил, кои предвидуваат забрзување на процедурата за одлучување и забрзана депортација на оние чие барање ќе биде одбиено.Ако Австрија поради бегалската криза ја засили контролата на границата, а Унгарија целосно ја затвори границата, Словенија ќе мора да донесе иста мерка како Австрија, предупреди шефот на словенечката дипломатја Карл Ерјавец. Тој рекол дека за сега нема најави дека Германија ќе ги затвори границите, што би довело до домино ефект на целата балканска рута, наведува „Јутарњи лист". Дека германската јавност е поделена покажува и фактот дека неколку дена пред изборите во 2016,Во покраината од каде што доаѓа Ангела Меркел во моментов водечки сили се нејзината Христијанско – Демократска Унија (ЦДУ) и крајно десничарската Алтернатива за Германија (АФД) кои што имаат доверба од по околу 20 отсто од граѓаните.Трендот кај јавното мислење е во корист на крајните десничари кои што пред само неколку месеци имаа околу шест отсто послаб рејтинг од најсилната германска партија. Причината за приближувањето на рејтинзите меѓу ЦДУ и АФД лежи, пред се, во имиграциската политика на Меркел и приемот на над еден милион бегалци во земјата, од кои илјадници се сместени во Мекленбург – Форпомен, која е една од најсиромашните германски покраини.Се поставува прашањето што понатаму .Што со тие мигранти кои се веќе влезени во земјите .Колку тие може да предизвикаат промени во државите во кои влегле . На тоа се осврнал новинарот на „Frankfurter Allgemeine Zeitung",кој понудил некои одговри и направил анализа на состојбата.Миграцискиот бран кон Германија се повлече, барем во прво време. Во земјата е мирно, пишува „Frankfurter Allgemeine Zeitung" и информира дека приемните центри во Германија се полупразни. Во провинцијата Хесен, на пример, во есента 2015-та имало 62 приемни центри, а таму беа сместени 25.000 бегалци. Денес работат само 9 центри, кои даваат засолниште на 2.500 бегалци. И во другите германски провинции нагло опаднал

бројот на бегалците кои се сместени во малиот број на центри кои сеуште работат. Дел од засолништата се одржувани во мирување – во случај дека во текот на летото ќе почнат да пристигнуваат повеќе бегалци.Но, што се случува со сите оние луѓе кои пристигнаа во Германија во текот на летото на 2015-та година? Каде се, како живеат, колку од нив најдоа работа?

Секој кој ќе побара одговор на овие прашања, ќе треба да се во костец со безброј статистики, да разговара со градоначалници и специјалисти од канцелариите за труд и, природно, да се сретне со самите бегалци. Токму тоа го направил новинарот на „Frankfurter Allgemeine Zeitung", кој резимира дека конечно се појави една отрезнувачка слика со неколку зраци на надеж.Уште на самиот почеток се виде дека многу од бегалците од Сирија, Ирак и Авганистан не само што не ги поседуваат потребните јазични познавања, но и немаат никаква професионална квалификација. Односно, дека не можат брзо да најдат работа. До средината на минатата година триесетте најголеми германски компании кои се застапени на берзата, беа вработиле едвај 54 бегалци, а 50 од нив работат за концернот „Deutsche Post".[33]

Веќе е јасно дека ќе треба доста време додека бегалците да можат да излезат на пазарот на труд. Овој заклучок се одразува и во статистиката на Федералната агенција за труд. Само во 2015-та година во Германија пристигнаа 890.000 лица, а во 2016-та уште 280.000.Повеќето од овие луѓе не се бројат во статистиката за невработеноста, бидејќи се уште се во процес на обука и квалификации. Во март како бараат работа беа регистрирани близу половина милион бегалци. Од нив 83.000 беа вклучени во „настани во рамките на политиката за пазарот на труд", 166.000 во курсеви за интеграција. Како невработени се регистрирани само 177.000. Повеќето од нив можат да вршат само помошни активности и бараат работа како чистачи, курири, кујнски персонал или во трговијата.Од статистиката се гледа дека до денес само мал број бегалци нашле социо-обезбедена работа. И пак, како што може да се очекува, половина од овие луѓе вршат помошни активности. За да избегаат од невработеноста, новодојдените обично ги прават првите чекори како наемници, во сферата на услугите или угостителството, често пати и во

[33]http://denar.mk/144446/ekonomija/, посетено на 21.04.2017

автосервисите.Стекнатото веќе долгогодишно искуство покажува и уште нешто: да, многу важно за бегалците е да најдат работа. Но тоа не е сè. За да бидат успешно интегрирани овие стотици илјади луѓе, многу е важно каков уште отпрвин ќе биде нивниот живот во Германија – дали ќе најдат пријатели, дали ќе се разбираат со соседите. Во многу случаи се покажува дека условите за сето тоа се многу поповолни на село, отколку во големите градови.

Уште еден феномен се врзува со доаѓањето на бегалците и мигрантите на тлото на Европа , а тоа е тероризмот и теросритичките напади кои се случија во меѓувреме. Хронолошки ќе подсетоме само на некои :Во новогодишната ноќ во Истанбул припадник на ИД уби 39 луѓе во ноќен клуб.Припадник на ИД со камион прегази 12 луѓе на Божиќен саем во Берлин декември(2016). Напаѓачт беше убиен неколку дена подоцна во Милано.Јули 2016 година припадник на ИД влета со камион меѓу луѓе во Ница, за време на државен празник при што загинаа 86 луѓе.



сл.бр7 ројтерс

Пред една година 32 лица беа убиени во напад на група џихадисти на аеродром и метро станица во Брисел.Во јануари 2016 година бомбаш самоубиец припадник на ИД, се разнесе меѓу група германски туристи во Истанбул при што загинаа 12 луѓе.

Во Копенхаген во февруари 2015 година напаѓач на возраст од 22 години уби две лица.Еден месец претходно, во напад врз редакцијата на сатиричниот весник Шерли Ебдо во Париз загинаа 17 луѓе, а одговорност презеде Ал Каеда. Десет месеци по нападот во францускиот сатиричен весники еврејскиот кошер супермаркет во Париз се случуваат дури четири последователни терористики напади .Една експлозија се случува на пријателскиот натпревар меѓу Франција и германија на кој е присутен и тогашниот француски председател Оланд ,другите две се случиле во еден ресторан и во концертната сала Баталкан за време на хеви метал концерт.
Во најмалку четири експлозии и пукотници во поширокото централно градско подрачје на Париз загинаа најмалку 158 луѓе и има многу повредени, јавуваат агенциите. Францускиот претседател Франсоа Оланд прогласи вонредна состојба во земјата и нареди границите на Франција да бидат затворени.



Слика.бр.8

И додека дискусиите за напливот на мигранти во Европа се фокусираа на логистиката, на пример како да се обезбедат доволно кревети за 1,1 милион баратели на азил, кои пристигнаа лани во Германија или повеќе од 160.000 што

пристигнаа во Шведска. Но како што покажуваат конфликтите во азилантските центри, предизвикот е многу посложен отколку што изгледа.Всушност, бегалската криза во Европа е прашање на култура наместо на бројки. Судирите на култури се многу потешки да се решат од логистиката, особено кога ќе ги напуштат регулираните граници на азилантските центри, кои можат да ги ублажат можните конфликти со надзор и со дизајн. Како поединците, кои не можат да делат сместување со хомосексуалци и со христијани без притоа да ги малтретираат, ќе можат да се интегрираат во либералните европски општества?Германските и шведските влади не му ставија приоритет на решавањето на ова прашање. Всушност, двете не успеаја сериозно да ги сфатат културните разлики, за проблемите како правата на жените, малцинствата, семејната чест и индивидуалните слободи, меѓу барателите на азил главно од Блискиот Исток и Северна Африка и европските општества каде што тие се надеваат да живеат. Особено во Шведска, силната посветеност кон политичката коректност сериозно ја ограничи јавната дебата.Во игнорирањето на овие разлики, политичките елити во Германија и во Шведска ги ризикуваат некои од највредните општествени вредности на државите, како што се безбедноста, стабилноста, еднаквоста, толеранцијата и слободата на поединецот. Сепак тие не успеваат да ги забележат овие ризици. Тие се однесуваат како нивните тешко стекнати општествени предности да се неисцрпни природни ресурси наместо производ на векови поминати во развој - производ што е многу поранлив отколку што се смета.Можеби најочигледниот пример за заканата со која се соочуваат европските општества се појави во Келн, Германија, на Нова година, кога повеќе од 600 жени беа сексуално нападнати, а во некои случаи и ограбени, од страна на големи банди на мажи, од кои повеќето беа нелегални доселеници или баратели на азил. Само четворица од 153 приведените осомничени беа од германска националност. Посебно медиско внимание доби случаајот со убиството и силувањето на германската студенстка за сто беше обвинет малолетен емигрант од Авганистан. На социјалните мрежи се формираа посебни страници на кои постојат т.н мапи на силување и каде се пишува за „азиланти, бегалци и мигранти како силувачи (rapefugees).Бројот на емигрантски муслимани во земјите на Европа е голем. Тие се важен фактор што влијае и ја оформува внатрешната и надворешната политика на Европа, не само од демографски, туку и географски

аспект. Од историска гледна точка, Европа и исламот никогаш немале меѓусебно разбирање[34] И Австрија се судрува со феноменот „бегалци и бегалска криза ". Нивниот министер тврди дека во периодот од 2011 до јули 2015 во Австрија се идентификувани 287 радиклани исламисти кои се идентифкувани и се под присмотра на безбедносните служби .Од нив 44 се погинати во Сирија , 87 се повратници од боиштата во Сирија и Ирак , а 50 сеспречени да заминат на боиштата во Ирак и Сирија. За другите сеуште се верува дека се на територијата на Австрија,Овие податоци ги дава министерот за внатрешни работи на Австрија на прашање на десничарската антимигрантска Слободарска Партија во парламетот. [35]Потпаролот на министерството на внатрешни работи Karl-Hajnc Grundbek изјавува дека повеќето од овие личности се радикализираат по доаѓањето во Австрија. Од овие причини австрија планира повторно да воспостави контролана граниата со Италија и дараспореди војници доколку не се намали напливот на мигранти .(изјава на министерот за одбрана Peter Doskozil за интернет сајтот на весникот "Krone"). 750 в0јници сошетири блендирани возила се подготврни да интервенираат, а ако е потребно би се изградила и ограда на граиницата. Истовремено повторно е воведена контрола на границата со Унгарија .Особено е критичен министерот за надворешни работи Себастијан Курц кој заради својот став кон Италија во врска со бегалците го пвоврзуваат со неонацистите. Во тој период во Австрија се води и предизборна кампања. Австрискиот канцелар Керн бара прашањето за бегалците да се изостави од предизборната кампања.Тој ќе изјави дека : „Надворешната политика на Австрија треба да се води на сериозен начин и зад затворена врата и на дипломатски начин , а не преку предизборна кампања. Официјална Виена мора да биде внимателна и да не западне во иста група со Виктор Орбан и Лега Норд, И покрај овие изјави Курц продолжува со критиките. Тој индиректно во своите изјави ја критикува и политиката на канцеларката Меркел изјавувајќи дека гледа како на проблематично инсиситирањето на спогодбата со Турција во врска со бегалците игнорирајќи го кршењето на основнте права во таа земја.„На европската унија и е потребна европска политика кон бегалците и мораме сами

---

- [34]Mileski,T., „Contemporary migration movements as a safety threat to the Balkans and Europe", Faculty of Security/2012

[35]Извор : Асошет прес

да ги заштитиме нејзините надворешни граници -"( Изјава на Курц за виенскиот дневнк "Esterajh")[36]. Тој изјавува уверение дека ќе дојде до раскинување на договорот со Турција и дека не го подржува попуштањето кон Анкара во однос на нејзиното исполнување на критериумите за добивање визна либерализација . Турција најави дека нема да ги исполни условите ,според тоа договорот веќе не е одржлив. Во однос на понатамошно отварање на нови поглавја во пристапните договори со Турција Курц е уште по директен .Нагласува дека во врска со тоа има различни мислења во Е.У а тој лично го подржува ставот на Австрискот канцелар Керн кој тврди дека приклучувањето ан Турција кон европската унија е чиста утопија , бидејќи Турција се повеќе се оддалечува од европските вредности . После неуспешниот државен удар во Турција се спорведени голем број апсења на политички неистомисленици што не е во согласност со европската политика и нејзините вредности.Не смее да се попушта кога се во прашање основните вредности. Европската Унија не смее да дојде во ситоација да зависи од Турција смета Курц. Тој смета дека треба да се усори понатамошно доаѓање на бегалците во централна Европа задржувајќи се и на турската заедница во Австрија нагласувајќи дека има се повеќе видливи проблеми и дека е потребно јасно да се покажат границите што е дозволено , а што не е дозволено во Австрија.Секој кој ќе го прекрши законот ќе биде казнет. Исто така е неприфатливо за Австрија новии блиски до Ердоган да објавуваат црни листи на наводни симпатизери на Фетулах Гулен во Виена. „Нема да дозволиме лов на вештерки во нашата земја. Очекуваме секој кој живее во нашата земја де не носи екстерни конфликти во нашата земја и советуваме итно умерено однесување.

Кога сите овие работи ќе се земат во предвид јасно е дека после оваа бегалска криза Европа нема и меноже да биде иста.Едноставно Европа е поставена пред голем предизвик .Сето предходно кажано оди во прилог нна екстрената десница, која почнува да игра на картата на „ордите" исламски бегалци кои се тргнат кон Европа со цел да им ги украдат „работните места" и да го „наметнат исламот".после низата терористички напади стравот од „нападот на благосостојбата " е засилен со стравот од „прикриени исламски терористи " кои се сокриени во масата бегалци.победата на Националниот

[36] http://netpress.com.mk/begalskata-kriza-vo-evropa-e-globalen-predizvik/

фронт на лкоалните избори во Франција е последно предупредување дека тркалото на историјата на Еврипската унија може да почне да се врти наназад во правец на ксенофобија и национален егоизам. И додека Марин Ле Пен под сличен протисок е и Владата во Берлин. Штетат е веќе направена ,бегалската криза им даде ветер во грб на радикално десните партии на стариот континент. Се покажа дека кампањата која почива на тема бегалци , исламизација и страв од тероризам се добитна комбинација. Овие теми како што изгледа уште долго време ќе ја окупираат Европа. Овие десно ориентирани партии нудат - проповедаат затворање на границите , крај на слободната трговија ,излегување од евр зоната , протекционизам кој се претставува како „повторно освојување на суверенитетот " и сл. За овие десничари Европската унија претставува непријател број еден .Брисел за нив е наметната федерализација .Европскиот парламент го гледаат како отуѓена институција која е впрегната во глобализацијата и ги слуша наредбите на Меѓународниот монетаре фонд и на САД. Според нив ЕУ е анонимна машинерија која одговрна за пропаста на економиите и сл. Она што неможе да се заобиколи е фактот дека на пример Националниот фронт на Ле пен има поддршка од 50% на работниците и 40% од државните службеници.[37] Европа и Европската унија имаат избор помеѓу два концепти: едниот е отворен и солидарен , а другиот затворен и себичен . Првиот подразбира „рударско" тешка работа врз интеграцијата и непријатните одстапки на Путиновата русија која би можела да биде дел од решението на проблемот со војната во Сирија , додека другиот подразбира повеќе гранични огради ,укинување на слободата на движење и губење на голем дел на она што се нарекува „Европски вредности "[38]Јакоб Аугуштајн во „Шпигел" ќе напише „Европа доживува народна револуција која го менува континентот како што тоа некогаш го правеше либерализмот.Се шири страв од опасност која доаѓа однадвор и зајакнува потребата од лажно чуство на сигурност на затворено општество.иако за опасностите од затворање во национални држави не учи европската историја.[39] Во Австрија исто така е се погласна паролата „туѓинци во сопствена земја " ,Унгарија која прва подигна ѕид со бодликава жица обвинува за полутаен договр на Европа со турција за раселување на пола

[37]http://www.vreme.com/cms/view.php?id=1348952&print=yes,Посетено на 24.04.2017
[38]http://www.vreme.com/cms/view.php?id=1348952&print=yes,Посетено на 24.04.2017
[39]ww.vreme.com/cms/view.php?id=1348952&print=yes,Посетено на 24.04.2017

милион сириjски бегалци .Веќе се води и отворена медиjска кампања против бегалците и исламот. Унгариjа поднесе дури и тужба пред европскиот суд на правдата против Е.У заради обавезителните квоти за прием на бегалци. Полските десничари изjавуваат дека бегалците jа загрозуваат европа бидеjќи со себе ги носат паразитите „колера на грчките острови и дизентериjа во Виена "и шириjатот.прифажањето на бегалците за некои германци е „огромен камп во џунгла"додека во холандиjа се се погласни поддржувачите за поврзаноста на бегалската криза и тероризмот. И во Италиjа се предупредува на верска радикализациjа на доселениците и на нивните деца и се повикува на затворање на Европските граници. „емигрантите надвор од контрола не допринесуваат за безбедноста .Ако се покаже дека терористите се втора или трета генерациjа на мигрантски семеjствоа со тоа полошо,бидеjќи покажува дека исламот не еконтактибилен со демократиjата. Ако се направи кратка ретроспектива на анкети направени пред бегалската криза ќе биде уште поjасно пред каков предизвик е Европа после бегалската криза.На пример уште во 2009 година 40% од анкетираните француззи од кои 60% биле работнициизjавиле дека се противата на изградба на џамиjа , а 46% го подржуваат законот коj забранува изградба на минаре. Во германските истражувања во 2006година преку 90% од анкетираните се изjасниле дека исламот е непријателски расположен кон жените , а 71% мислат дека исламот е нетолерантен. Половина од анкетираните го поддржал мислењето на Самуел П. Ханигтон дека односот на западот и муслиманскиот свет е судир на цивилизации.Компараивното француско-германско истражување од декември 2010 покажува слични резултати.Четворица од десет испитаници одговориле дека муслиманската заедница претставува закана , а половина помалку мислат дека муслиманската заедница е факторза културно богатење.Британската анкета од 2006 година покажува дека половина од британските испитаници мисли дека исламот е закана за западната либерална демократиjа. Во Австриската анкета од 2010 на пример 71 % од испитаните се согласиле со тврдењето дека исламот фундаментално е неспоив со западните идеи за демократиjа ,слобода и толеранциjа. Дури 54 % мислат дека исламот претставува закана за западот и неговиот начин на живот. Дури високи 70% се на мислење дека муслиманските мигранти кои живеат во Австриjа премаклку направиле за да се приспособат на австрискиот начин на живот. Голема е

веројатнооста дека овие проценти се зголемен со доаѓањето на големиот бран бегалци кои несе подготвени да ги прифатат правилата на онесување на земјата која ги прифатила.

Бегалската криза во многу влијае и врз бебзбедносната политика на Европската Унија која и така со години наназад се одржува со голееми напори. Основната причина се различните интереси кои членките ги имаат а кои со кризатасе уште поголеми и продлабочени. Тие најчесто се меѓусебно спротиставени , а заедничката политика подразбира одрекување и запоставување на сопствените и националните интереси заради интересите на наднационалните структури на Е.У. По тој пат земјите на Е.У ја губат можноста самостојно да одлучуваат по стратешките прашања односно го губат својот суверенитет. Дополнителен проблем е комплексната структура на Е.У начинот на избор на представниците и донесувањето на одлуките во институциите на Е.У. со што се доведува во прашање волјата на различните европски народи врз решенијата кои ги усвојува бриселската администрација. Може да се каже дека постои голем јаз помеѓу граѓаните и политичката елита на многу држави членки , а со тоа е уште поголем јазот помеѓу граѓаните на земјите членки и бриселската администрација.

Заради сето ова сосема е можно дека Европската унија ќе стане заложник на сопствената оргиналност и единственост. Доколку сакаат да станат саостоен политички фактор во глобални размери Е.У ќе мора да дефинира сопствени геополитички цели .Е.У денеска представува економски џин и геополитичко џуџе. И доколку сака да ги реализира геополитичките цели мора да има сопствени воени сили и единствени политички институции.Патот кон геополитчкото осамостојување на Европската унија води кон оддалечување од САД и излегување на членките на Е.У од НАТО заради формирање сопствен воен сојуз. На тој начин Европската Унија би постанала носител на нова геополитичка концепција која во добра мера би ги уважувала интересите на средноевропската осовина предводена од Германија.Европа на тој начин би престанала да биде спроводник на интересите на „Империјата “ и самата би била „емприја “ во мултиполарниот геополитички свет.Токму од овие причини во последните години постојат се помали подударности помеѓу САД и Европа, а

несогласувањата се се поголеми. Бегалската криза само го забрзува и го зголемува јазот и несогласувањето.

## 2.4 Зошто Европа е ранлива (бегалската криза и еврпоскиот исток-запад)

За тоа колку влијае бегалскат криза и терористичките напади кои се случуваат според мнгумина како последица од неа зборува и обраќањето на подпредседателот на европската комисија Франс Тимерманс веднаш после терористичкиот напад на концертот во Париз .„Ако војната е единствена алтернатива на соработка во Европа и ако ништо не е неуништиво па дури ни заедничкиот европски проект , додека пак оградите на границите можат да ја уништат Европската унија и дека многу е битно да не се дигаат огради и да не се распадне шенгенскиот систем бидејќи после него би можеле да се распаднат и други заеднички ситеми и маханизми на зедничка Европа.Ако иднината на европскиот проект е доведена во прашање и ако не се делува колективно каква всушност иднина ја очекува Европската Унија и нејзиното опкружување после терористичкиот нпад во Париз? Овие напади кои досега однесоа 129 животи ,очигледно имаат многу голем раскочен потенцијал да однесе многу повеќе животи . Дури и мирот во Европа поради што би настрадал и Балканот. Обраќањето на подпредседателот е само едено во низата на обраќање на голем број европски државници кои предупредуваа на ова сценарио а поводот не бил тероризмот туку бегалската криза која ја потресува Европската унија во самите нејзини темели.Парискиот напад само ја зголемува и ја зајкнува оваа криза со самото тоа што е познато дека барем еден од учесниците во масакрот е борец на Исламскат држава која ја презеде одговорноста за нападот и веднаш најви нови .Познато е исто так дека тој пристигнал во Париз во некоја од колоните на бегалци од Сирија преку Турција , Грција и Балканот. Што може даочекуве Европскат унија после ова ? Најдобро наговестување можеби даваполска која веднаш после парискиот петоксоопштува дека нема да ги прифати ниту оние неколку илјади бегалци на кои некако мораше да се согласи .Каков ќе биде одговорот на Чешка , Словачка ,Унгарија и Романија кои за солидарно прифаќање на бегалци воопшто и не гласале мегутоа на прегласувањето се приморани да гласаат за. Нивниот одговор е повеќе од јасен . Шведска која до пред крвавиот петок според број на жители има прифатено

најголем број бегалци воведува контрола на своите граници поради стравот дека меѓу бегалците има и прикриени терористи. Ова пак значи дека во овој случај ниту Данска нема да чека долго за да го направи истото. Франција го направи истото но сотенденција тоа да биде трајно , а не само привремено.Друго клучно прашање кое следи е прашањето каков притисок на Германија создава ова подигнување на бариери широм Европа и нејзиното опкружување ? Одговорот е очигледен .Германскаѕ канцеларка Меркел се оште се противи на одлуката за подигање бариери но се повеќе е изложена на притисоци заради својата политика на отворени врати .Особено има голем внатрешен притисок за менување на политиката -добредојдовте.Притисок врз Меркел вршат и нејзините блиски соработници и сојузници меѓу кои се и министрите за внатрешни работи и за финасии Томас де Мезијер и Волфанг Шојбле како и лидерот на сестринската Христијанско-социјална унија од Баварска Хорст Зегофер. Нивните барања само добија на јаќина после парискиот масакар.Доколку меркел попушти на притисоците и ја затвори Германија ќе следи ланчана реакција на југ .Австријс подготвува ограда на границата со Словенија , Словенија веќе има подигнато ограда на границата со Хрватска , Хрватска кон Србија .На тој начин бегалците би останале заглавени на територијата на Балканот и тоа во толкав број кој не би се издржал.Токму затоа и меркел предупедува дека доколку Германија би ги затворила границите овозможува вооружени судири на Балканот. Сето ова во границата на Европскат унија очекувано води до јакнење на екстремната десница . На пример во повеќето анкети води десницата : мари ле пен во Франција , раддикалното десни антимигрантски настроени демократи во Шведска и сл. Со самото тоа што сите овие политики се нагласено антибриселски сосема е реално понатамошното слабеење на заедничкиот европски проект кој се покажа доста кревок . Сепак тресењето на Европската унија не е она најстрашното што може да се случи на западот на Европскиот континент. Насилството предизвкува насилство. Бегалски кампови гореа ширум европа и пред Париските случувања.Факт е дека после тоа само може да се очекува уштепозасилен напад на бегалците што пак ќе доведе до нови терористички напади.Перспективата е уште помрачна бидејќи некои настани покажуваа дека тероризмот и немора да биде увезен.Влегува ли Европа во спиралата на насилство?Тоа би предизвикало и нејзина дезинтеграција која не беше

замислива . Да подсетиме дека се случи брегзит , односо Велика Британија го изгласа своето излегување од унијата. Нова економска криза како последица од бегалската криза истотака несмее да се занемари. Ако се случи што е еројатно во наредните година две дополнително ќе ја услоѓни ситоацијата во Европската Унија. Колку за пример Франција вторатанајсилна економија во Унијата во кварталот пред тероирстичкиот напад во Париз имала пораст од занемарливи 0,3 %.После нападот и заканите од нови напади со сигурност ке го ослабат приходот од туризам , а доколку се знаедека приходите од туризмот во Франција чинат повеќе од 10% од вкунор БДП повеќе од јасно е декафранцуската економија ќе претрпи финасиски удар. Сепак тоа немада ја уништи француската економија но сепак ќе ја направи поранлива. Не смее да сезаборави и Грција која дополнително може да ја раздрма европската економија.Како да се спречи ова црно сценарио? Одговорот е едноставен и тероризмот и бегалската криза треба во корен да се сосечат.Значи треба да седејствува во Сирија .Поразот на Исламската држава и на останатите терористички организации во земјата би довело до каков таков мир и ме се спречила понатамошната бегалска криза со што нивнитеќелии би биле спречени да организираат терористички напади .Но за тоа на Европа и е потребен Башар Ал Асад и неопходна е соработка со Русија.Меѓутоа за такво нешто покрај соработката со САД на Европа и потребна и желба и одлучност.Унгарскиот десидент и филозоф Гашпар Миклош во една прилика ќе забележи дека просветителството на кое се темели Европската Унија подразбира универзален граѓанин. А за тој да биде универзачен потребно е да се постигне една од овие две работи. Сиромашните и дисфункционалнитеземји да станат место достојно за граѓанство и Европа да ги отвори своите граници.за сите луѓе. Ниту едното ниту другото е целосно остварливо .Светот е преполн со неуспешни држави населени со незадоволни граѓани , а Европа нема доволен капацитет сите да ги прими ниту па тоа би и го дозволиле нејзините граѓани. Токму затоа не треба да се дискутира дали Европа треба да ги затвори своите граници тоа е повеќе од нужно. Прашањето е како да им се помогне на тие луѓе да не дојдат во ситоација да мораат да ги напуштат своите домови. Во бранот на зголемен број на бегалци и мигранти не смее да се занемари и глобалното споредување како причина. Кога во 1981 година е спроведено првоту исражување за вредностите во универзитетот Мичиген во САД било утврдено

дека залуѓето да бидат среќни не било пресудно материјалното богатство . Например жителите на Нигерија биле подеднакво среќни како и оние во Западна Германија. Денес 35 години потоа состојбата е променета и според направените анкети матњријалната состојба е главен предуслов за среќа. Среќата се пклопува со БДП. Благодарение на теливизијата и интернетот младите во Нигрија , Авганистан и др држави можат да видат како се живее во Европа и како таму изгледаат училиѓтата и болниците. Глобализацијата го претвори светот во глобално село кое живее под диктат на споредбата. Луѓето не се споредуваат со своите соседи тук со најбогатите жители на планетата.Станува повеќе од јаснодека миграцијата станува нова револуција чии носители се поединци и семејства инспирирани од идејата за подобра иднина и подобар живот од онаа страна на границата. Оваа револуција нуди радикални промени веднаш без одлагање.



9. Непрегледни колони бегалци : Извор CNN

На мигрантите не им се потребни идеологии .политички движења и лидери за да успее .Проблемот со мигрантската револуција е нејзиниот загрижувачки капацитет кој може да предизвика контрареволуција во Европа. Политиката на отворена врата со себе носи многу ризици. Огромната солидарност со бегалците кои бегаат од војната сега е затемнета со својата спротивност: стравот дека тие исти луѓе ќе го разнебитат европскиот модел на благосостојба и традиционалната култура и ќе го уништат либералното општество.Стравот од

исламот , тероризмот и порастот на криминалот иопштиот страв од непознато се во јадрото на европската морална паника. Европјаните не ги плаши тоа што над милион бегалци побараа азил туку ги плаши сликата на иднината во која на границите на Европската унија непрестано доаѓаат нови и нови бегалци или мигранти. Се поголем број германци почнуваат да се сомневат во политиката на отворена врата на својата влада. Канцеларката Меркел којадо скоро беше симбол на европскота самодоверба и флексибилност сега ја опишуваат како горбачовска фигура ,племенита но наивна која со својатаполитика „ние можеме" го доведе во прашање опстанокот на Европа. Бегалсакат криза ја натера Европската Унија да се соочи со прашањето на своите граници .Бегалскат криза покажа дека поголемиот бројжители се плашат од светото безграници и дури и го мразати и сакаат Европска Унија чии границ ќе бидат јасно дефинирани и добро бранети.

Тие „загрозени " граѓани се плашат дека туѓинци ќе ја превземат нивната земја и ќе го загрозат нивниот начин на живот и уверени се дека бегалскат криза е заговор помеѓу космоплитската елита и племенските емигранти .[40] Накратко речено бегалскат криза ја менува европскат политика и го загрозува европскиот проект многу повеќе од финасиската криза и судирот со Русија. Ако финасиската криза ја подел Европа на кредитори и должници и направи јаз помеѓу северот и југот бегалскат криза повторно отвори јаз помеѓу истокот и западот. Денеска сме сведоци не на она што Брисел го нарекува и опишува како недостаток на солидарност туку на судирот на солидарноста : националната , етничката и верската солидарност се судруваат со обврските како човечки суштества. Бегалскат криза јасно покажа дека европскиот исток изразито космополитски вредности на кои е заснована Европската Унија ги гледа како закана , додека за многу на западот токму тие космоплитски вредности се јадро на новиот европски идентитет. Токму затоа германскиот председател Јоаким Гаук ќе изјави : Тешко ми е да разберам зошто нациитечии граѓани некогаи самите биле политички угнетувани па потоа доживеале

[40] 38Frankfurter Allgemeine Zeitung. 1. marta 2016., Die neue deutsche Abwrack-Welle
уреднички осврт ,посетен на 28.05.201

солидарност сега ја ускратуваат солидарноста на бегалците[41] " Само за потсетување пред триесетина години „Солидарност " на Валенса беше симбол на источна Европа и десидентските интелектуалци тврдеа дека разликата помеѓу истокот и западот е во тоа што истокот навистина и верува на Европската Унија додека западот само и припаѓа. Зошто тогаш денес источните европејци се така отуѓени од фундаменталнита вредности на која почива Европската Унија и нема сочуство за страдањата на другите ?Гледано од запад источноевропското однесување не е скандалозна заради подготвеноста на источните европејци да подигнуваат огради како би ги задржале бегалците онаму каде што пред триесеттина години се рушени зидовите од нивните „затвори " туку нивното уверување дека „ ние на тие луѓе не им должиме ништо ". И ДОДЕКА ВО Германија скоро 10% од жителите учествуваат во разни активности поврзани со помош на барателите на азил јавноста на истокот останува имуна на трагедијата на бегалците и тамошните лидери фрлаат дрвја и камења врз одлуката на Брисел да редистрибуира бегалци помеѓу државите членки на Европската унија . Премиерот на Словачка Роберт П.изјави дека негoват земја е подготвена да прими само христијани бидејќи во Словачка нема џамии па муслиманите нема што да прават во нивната земја. Лидерот на Партијата на правдата и слободата во Полска Јарослав К.предупредува дека прифаќањето на бегалците носи здравствен ризик бидејќи тие со нив ќе донесат непознати опасни болести .Унгарскиот премиер Виктор О. Велидека моралната должност на Европскат Унија не е да им помага на бегалците туку на своите граѓани да им гарантира безбедност. Доколку бегалскат криза ги поларизира поголемиот број зaпдноевропски општества и го заостри судирот меѓу подржувачите на политиката на отворена врата и на нивните критичари , помеѓу оние кои на бегалците им ги отвараа своите врати и на оние кои ги палеа бегалските кампови во централна и источна Европа бегалскат криза ги обедини вообичаено распарчените општества во готово единствени во непријателството кон бегалците. Додека Германите се обидуваат да го разберат источниот недостаток на сочуство на источните Европјани не им е јасно како тоа Германците кои не сакаат да и помогнат на Грција толку сакаат

[41] I:9W Mpost. časopis Instituta humanističkih nauka u Beču, broj 117. proleće/leto 2016.новеќе на http://fhn.edu.ba

да им помогнат на Сиријците и Авганистанците.зачудува уште повеќе безчуствиѕелноста на ако се знае дека во централните и источните земји воопшто и да нема бегалци и баратели на азил. На примерво2015 во Словачка влегле 169 бегалци од кои само 8 побарале азил. Сепак враќањето на поделбата на Европа на исток и запад не е слушајна. Таа свое упориште има и во историјата , демографијата ,пресвртите во посткомунистичката транзиција како и во источноевропскиот облик на побуна против глобализацијата.Зошто велиме историски причини? Пред и се затоа што во централна и источна Европа историјата е важна , а историското искуство на регионот често противречи на некои ветувања од глобализацијата. Повеќе од било кое место на стариот континент Централна Европа е свесна и за предностите но и за темната страна на мултикултуризмот. Додека на западот на европа се сретнуваат со неевропски свет обликуван од колонијални империи ,централноевропските земји се настанати од распаднати империи по кои следело етничко чистење. Етничкиот пејсаж на Западна Европа во 19 век бил складен како романтичарски пејсаж, источниот изгледал како Слика полна со експресионистичко насилство.[42]На пример во Полска пред втората светска војна постоело мултикултурно општество во кое повеќе од третина на населението било од германско , украинско или еврејско потекло денешна Полска е едно од најхомогените општество во светот : дури 98% од нејзините жителисе етнички Полјаци.За многу од нив враќањето на етничката разновидност би значело враќање на мачните воени времиња. Додека Европската унија е заснована на францускиот поим за нација (каде припадноста е дефинирана како лојалност кон иституциите на републиката) и нагерманскиот поим за држава источноевропските држави се изградени на спротивна основа:тие ја комбинирале француската восхитта од семоќната централизирана држава со германската идеја дека припаѓањето на државната заедница значи и заедничко потекло и заедничак култура. Токму затоа источните земји посебно ќе се налутат на германската критика за времена бегалскат криза бидејќи тие токму од германскиот 19 век ја позалмиле идејата за нација како културноединство.

[42]IWMpost, časopis Instituta humanističkih nauka u Beču, broj 117, proleće/leto 2016.

Сепак источниот и централноевропскиот гнев кон бегалците не е вкоренет само во долгата историја на регионот туку и во искуството од посткомунистичката транзиција . После комунизмот и либералните реформи настапува сеопшт цинизам.Источна Европа е шамион во недоверба кон институциите . Соочени со приливот на мигранти и бегаци и економската несигурност многу источни Европјани имаат чуство дека се срушени нивните надежи дека придружувањето кон Европската Унија ќе им донесе материјална благосостојба и спокоен живот.Тие размислуваат на следниот начин : Ние сме посиромаѓни од западните Европејци па како очекуваат тие од нас солидарност? Ветени ни се турист и , а не бегалци. Туристите се добронамени странци кои трошат, се насмевнуваат , се восхитуваат и си одат. Даваат чуство на поврзаност со светот и не ги наметнува своите проблеми .Додека бегалецот кој некогаш бил турист симболизира закана од глобализација.Тој кога доаѓа со себе ги носи бедата и неволјите . За демографијата малку се зборува како причина.

Кога станува збор за однесувањето на источните Европејци во однос конбегалците најмалкусе зборува за демографската паника, а всушност можеби тоа еклучната причина за непријателскиот однос.Само за пример во последните дваесет ипет години околу 105 ОД Бугрите се осаелиле од државаат и жевеат надвор. Според проекцијата на Обединетите нации се очекува дека бугарското население ќе се намали за цели 27% до 2050 година.Паника заради етничкото изчезнување мож да се забележи ка јмногу мали нации во источана Европа. За нив доаѓањетона мигрантите значи нивно излегување од историјата , а аргументите дека на стара Европа и се потребни мигрантите само го зајакнува чуството на егзистенцијална меланхонија. Секуларизмот кој го наметнале комунистите ја направи источна и централна Европа многу осетлива во односна ризикот од рушење на нивниот христијански идентитет. Денес човек немора да биде верник за да биде загрижен за иднината на христијанството и неговата клтура во централна и источна Европа. Сепак и источан и централна Европа се дел од континет кој има најсложени односи со исламот. Постојат два вида земји во регионот едните се како бугарија и имаат голем број муслиманско население и гранича со муслиманска земја , а другите како Словачка која неманиту една џамија.Од спротивни причини и двата вида гивознемирува тоа што помеѓу бегалцитеубедливо најмногубројни

се муслиманите. Примерот со неуспешното интегрирање на Ромите на пример буди сомнеж кај граѓаните дека нивните држави не се способни да ги интегрираат ни другите кои се веќе во нивните држави , а камоли пак бегалците.Исто така е факт и тоа дека дека источните европејци и бегалците од Азијаи Блискиот исток често завршуваат како конкуренти на пазарот на трудот што ја прави оваа група на Европејци затворена за политиката за интегрирање на бегалците.Граѓаните на западно балканските земји во овој случај се колатерална штета во оваа криза бидејќи заради се поголемиот наплив на бегалци во Германија тие ќе бидат вратени назад во своите земји. Уште едно нешто ги дели истокот и западот а тоа е отпорот на истокот кон космополитизмот. Истокот тоа го покажува со се поголемата подршка на изборите на староседелските политички лидер чија главна предност е тоа што не зборуваат друг јазик и не се заинтересирани за другите култури и го избегнуваат Брисел. Нив име удобно во нивните етнички држави и негуваат огромна недоверба кон оние кои се лојани на Брисел.Нивниот идентитет воглавно се состои од низа негативности -неруски , неправославен ,нетурски , негермански и сл . Провиинцијалноста им е наметната како државотворен чин.Нивната елита морала да бира помешу космополитска приврзаност и тесниот хоризонт на национализам и локален интереси го одбира ов второто.како да не е можно да се биде космополит и „добар Полјаки " или „добар Чех".Токму таа историски вкоренета сомнеж во се што е космополитско и дирекната врска помеѓу комунизмот и интернационализмот делумно ја објаснува чуствителноста односно нетрпеливоста на овие граѓани кон бегалците.Во таа смисла наследството однацизмот и наследството од комунизмот суштински е различно. Германската посветеност кон космополитизмот е начин да се избега од ксенофобичното наследставо на нацизмот додека централноевропскиот антикосмополитизам делумно потекнува од аверзијата кон косполитизмот кој го наметнаа комунистите. После сето ова се поставува прашањето колку оваа поделба на Европската унија на исток и запад предизвикана од бегалската криза ќе има влијание врз иднината на Европа?Дали се оди кон поделба слична на онаа „Стара Европа" на Рамсфелд или „Нова Европа " на централните Европејци кои се вртат против војната на САД или се лизга кон двотретинска Европа?Дали европската солидарност е можна во одсуство на солидарност со

најзагрозените луѓе во светот.Денес многумина во централна и источна Европа укажуваат на јакнење на антибегалските чуства во Европа и дека Европската Унија не е поделена и дека од единството ја делат само уште едни избори , а тоа се оние на кои Ангела Меркел би изгубила.Сега когагермнците се се понезадоволни од политиката на отворена врата разликите ќе бидат премостени .Многу источноевропејци се радуваат на таа промена на расположението кон бегалците на западноевропејците и на тоа гледаат како победа на тврдиот источноевропски реализам наспремалицемерниот морализам на запад. Источноевропејците не го кријата своето задоволство за „законот за накит " кој данскиот парламент го изгласа соконсензус , а се однесува на тоа дека на бегалците ќеим се конфскува се она што има поголема вредност од 1000 евра. Вистински парадокс е тоа што антимигрантските чуства воопшто нема да ги доближат западот и истокот на Европа. Зошто ?Бидејќи слоганот „Европа на Европејците " не може даројде за разлика од „Германија на германците "или сл. На многу конзервативни Германци кои се против правецот во кој се движи германскот општество Романците или Бугарите подеднакво им се странци колку и Сиријците , додека на Германците со космополитски став кои го прифаќаат културата на канцеларката за прифаќање и интеграција на бегалците племенскиот дух на источните европејци го гледаат како главна препрека во стремежот на Европската унија како отворено општество. Поделбата околу бегалците ги потврди сите предрасуди на истокот кон западот и на западот кон истокот.Бегалската криза покажа исто така дека европската солидарност не може да се одвои од своето потекло од идејата за просветителство.И додека источните Европејци говорат дека „ништо не им должиме на бегалците " многумина на запад сваќаат дека ништо не и должатна источна Европа.

## III Геополоточко и безбедносно значење на балканската бегалска и мигрантска криза

Балканот претставува регион во кој се преплетуваат различни нации , религии ,култури и јазици. Од деветнаесетиот век неговото геополитичко име е Балкански полуостров.Географски тоа е планински масив на северозападниот дел од балканскиот полуостров. Многу е тешко да се дефинира балканот географски Пример северната границ која е тешко да се дефинира кои земји припаѓаат , а кои не на балканот.Пичините за тоа се и субјективни и објкетивни .Негирањето на припадноста кон Балканот може да биде политичко, религиозно и емоционално.Балканот е простор полн со непредвидливости.Историски тоа е простор полн со незгоди , проблеми и пресврти , крв и мед во буре барут во 20 век.Во потесна смисла балкански земји се : Хрватска , Босна и Херцеговина ,Србија ,Албанија , Македонија , Грција , Бугарија и европскиот дел од Турција. Во поширока смисла тука се и Словенија и Романија. Балканот го обележуваат многу војни и дефинирања на територии.

Внатрешните особености на просторите на кои се наоѓаат државите почнувајќи од одликите на човечкиот фактор пред сè на демографските одлики, културно-историското минато и развиток, економските и општествените карактеристики во најтесно содејство со нивната географска поставеност неизбежно ја одредуваат геополитичката положба и значење на државите и регионите во даден актуелен или историски контекст. Современата геополитичка наука разгледувајќи и проучувајќи ги овие особености на просторот на глобално и регионално ниво во светот изнесува низа на концепти и дефинции меѓу кои најактуелни се оние за *„кршливи"* или *„ранливи"* појаси и точки – *shatterbelt* , зони на судир – *crush zone* и држави и области кои се *„влезна порта"* – *gateway states and regions* која ги поврзува различните делови на светот .[43] Бегалската и миграндската криза која се случи во прв план го стави Балканот односно балканските држави меѓу кои и Република Македонија. Македонија неколкупати била зафатена од бран на бегалци и се справувал со бегалски кризи благодарение на својата местоположба и на опкружувањето.

### 3.1 Геостратешка положба на Р.Македонија

Балканот во современата геополитичка архитектура на Европа има одредено геополитичко значење како сообраќаен јазол на врските помеѓу Европа , Азија и Блискиот исток и како идна траса за нафтоводите и плин помеѓу истокот и Европа.Балканот може да се разгледува и како културе субконтинет на Европа како подрачје на кое се судруваат културите на Истокот и на Западот.




[43]M... нскаиот појас на

,62

10. Земјите на западен балкан

Република Македонија има поволна геостратешка положб.Се наоѓа во централниот дел на Југоситочна Европа и представува природна географска крстосница меѓу Европа ,Азија и Африка. Од безбедносен аспект представува крстосница на главните патишта на трговијата со дрога ,оружје , луѓе , криумчарење мигранти , тероризмот ,во правец од Азија , Африка кон Западна Европа. Република Македонија се ангажира за разрешување на транснационалните опасности и предизвици во соработка со соседните земји со меѓународните организации и институции. Со распадот на поранешната СФРЈ создадена е смостојна и независна македонска држава — Република Македонија. Таа, на меѓународен план стапува во нови односи, а на внатрешен план врши темелни промени — напуштање на социјализмот и самоуправувањето, напуштање на општествената сопственост како доминантен облик, создавање нов правен систем, воспоставување на цивилно граѓанско општество, приватизација на капиталот итн. Така, Република Македонија се најде во период во кој се вршат темелни промени и преобразувања — се напушта дотогашниот систем на вредности исе гради нов систем навредности кој треба да овозможи нови општествени процеси и односи кои во животот на луѓето треба да внесат нов квалитет. Овој вид промени претставуваат огромна потешкотија за луѓето и за општеството во целина. Да се напушти еден систем на вредности и да се создаде нов не значи само носење на правни норми и други акти со кои ќе се дефинираат новите вредности, туку тоа значи промена во свеста на луѓето.Како земја во транзиција со многу нерешени проблеми бегалската криза и тоа како има и може да има големо влијание врз климата и

состојбата на државата.Во изминатите 25 години Македонија во повеќе наврати се соочуваше со сериозните предизвици да се справува со бегалските кризи. Прв пат, тоа беше во текот на 1991 година кога, по настаните во Албанија, кога приближно 1.200 лица побараа прибежиште во Македонија. Во текот на 1992 година како последица од воените судири во босна и херцеговина 35.000 лица беа прифатени . Третиот предизвик за Македонија се случи за време на Косовската криза во пролетта 1999 година кога повеќе од 360.000 лица,главно етнички Албанци побараа и добија меѓународна заштита во Македонија. Четвртото соочување со ваква ситуација нашата држава беше во 2001 година по судирите во државата кога се евидентираа 86.954 внатрешно раселени лица.

Во оваа петта по ред бегалско-мигрантска криза повеќе од еден милион бегалци и мигранти ја користеа територијата на Република Македонија како дел од балканската рута со цел да стигнат до „ветените" земји во западна и северна Европа. Иако оваа бегалско-мигрантска криза за нашата држава имаше и има пред сè транзитен карактер, сепак граѓаните на Република Македонија секојдневно беа директно и индиректно соочени со евентуалните последици од економски, хуманитарен и безбедносен карактер.[44] Значи доаѓаме до заклучок дека република Македонија со својата специфична географска поставеност во услови на тековната и сè поразгорувачка бегалско-мигрантска криза, повторно се наоѓа во средиштето на овој горлив проблем од големо меѓународно значење. Имајќи ги предвид сложената внатрешна состојба во Македонија од општествено-политички, безбедносен и економски карактер како и историското искуство од ваквите ситуации во минатото во содејство со степенот на меѓудржавните односи и состојбите на поширокото балканско регионално рамниште, нашата држава и општество се наоѓаат во многу сериозен миг во своето постоење соочени со исклучително значајни геополитички предизвици со далекусежно влијание по животот на секој поединец и општеството во целина.

Бегалскат криза покажа дека геополитички битка за Балканот не е завршена.Напротив битката за геополитичко влијание на Балканот штотуку почнува.Регионот станува клучно место на судир на геостратешките интереси

[44] Јове Кекеновски,„Република Македонија - колатерална штета на недоследната политика и неподготвеноста на ЕУ за решавање на бегалско-мигрантската или жртва на немањето стратегија за справување со вакви предизвици

на големите сили , а со самото тоа и точака на превирања. Се оди дотаму што за Балканот се зборува како за кризно подрачје.Потесно прита се мисли за земјите на Западниот Балкан меѓу кои е и Република Македонија.

## 3.2.Справување со бегалско-мигрантските кризи



11.Извор: refugee imagess-internet

Она што во 2011 започна со неколку испишани графити на тинејџери во сирискиот град Дараа , продолжи со секуларни мирни протести за демократији кои после говорот на сирискиот председател Башар Ал Асад доведе до тоа населението да почне да се вооружува и, истовремено, почна и масовно дезертирање во војската и полицијата,а тоа пак значеше крај на мирната револуција и почеток на оружените дејствија помеѓу владинит сили и бунтовничкитегрупи .Во меѓувреме се појави и Исламска држава-најмоќната организација во сирискиот конфликт која ги влече своите корени од неколку групи во Ирак.Четири години подоцна имаме милиони белгалци раселени лица и жртви. Се случи најголемата бегалска криза после втората светска војна.

Република Македонија, поради својата географска положба нормално беше да стане е дел од т.н. „Балканска рута" ,а со тоа и клучна транзитна врска за лицата што имаат намера да стигнат до западноевропските земји. Зголемениот број на мигранти кои транзитираа или се задржуваа во земјата во текот на 2012, 2013 и 2014 година, беа првичните индикатори за можноста од поголем наплив на бегалци што властите во Македонија не обрнаа внимание.

Оптиот впечаток беше и е дека Македонија сепак нема, ни материјални, ни кадровски капацитети да се соочи со евентуален масовен прилив на бегалци и мигранти. Ао се земе во предвид тековните случувања во Македонија не би требало да не зачуди оваа констатација.Одрени групи активсти , невладини и хоманитарни организации во повеќе наврати бараaод властите да преземат конкретни мерки и активности што ќе имаат за цел зајакнување на капацитетите и подобрување на комуникацијата и координацијата помеѓу органите и организациите на домашен план и помеѓу соседните држави на меѓународно ниво.Но и покрај сите предупредувања упатени за ризиците и предизвиците што следуваат, останува чуството дека неводењето сметка и неодговорните политики на властите резултираа Македонија да биде затечена и неподготвена за очекуваниот бран на бегалци, иако имаме и поинакви гледишта за тоа дека Македонија добро се справи со бранот бегалци , но дека потфрли меѓународниот фактор.Сепак мора да констатираме дека тоа доведе до масовни прекршувања на правата на бегалците и мигрантите и до создавање директни ризици по нивната безбедност и безбедноста на државата и граѓаните. Како за посетување да се подсетиме дека на почетокот на кризата голем број од бегалците на територијата на Македонија беа третирани како нелегални мигранти и незаконито задржувани во Прифатниот центар за странци во нехумани, субстандардни и понижувачки услови. Пример во центарот за 200 луѓе беа сместувани и присилно држени повеќе од 400 мигранти и бегалци. Тоа пак доведе до тоа тоа тие да се движат по илегални патишта и во ноќни услови што доведе до тоа 27 бегалци трагично да ги загубат животите на македонските пруги. Четиринаесет жртви за една минута однесе железничка несреќа близу Велес.„Формално-правните бариери на почетокот на кризата директно влијаеа голем број жени и деца бегалци да станат жртви на криумчари и трговци со луѓе, предмет на закани, уцени, грабежи, силувања, физичко и психичко насилство и експлоатација."[45]

Нема да погрешиме ако кажеме дека поминувајќи низ турбулентен период кој значително го раздвижи развојот на секојдневната политика, бегалската криза во државата беше проследена со повеќе неуспешни отколку успешни начини на справување. Како што веќе напоменавме На 19 август 2015

[45]Govor-Migranti%20Ankara%202017.pdf,посетена на 2.05.2017

година, Владата на Република Македонија усвои одлука за прогласување кризна состојба на јужната и северната граница на државата, а во врска со поголемиот наплив на бегалци во државата. Со одлука на Собранието на РМ, кризната состојба беше продолжена до јуни 2016 година, а дополнително беше продолжена до 31.12.2016 год. на седница непосредно пред неуставното распуштање на Собранието.4 Во текот на октомври, 2016 година, Владата повторно донесе одлука за продолжување на кризната состојба се до крајот на јуни, 2017 година.

## 3.3. Резолуција за мигрантската политика на Р.Македонија

Иако Република Македонија Република Македонија има солидна правна рамка барем декларативно беа потребни одредени интервенции , на полето на азилот и заштитата на бегалците, во која целосно се вградени нејзините обврски, кои произлегуваат од Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година, онака како што истата е изменета и дополнета со Протоколот од 1967 година. Главниот акт, Законот зо законот.а азил и привремена заштита [46](ЗАПЗ) од 2003 година, е изготвен во согласност со стандардите на ЕУ на полето на азилот– ЕУ Acquis, и ја одразува најдобрата пракса во Европа за справување со бегалската криза потребни беа законски измени направени од Република Македонија за да се ублажи влијанието на мигрантската криза Најважната измена во законодавството чија единствена цел беше да се ублажи влијанието на бегалската и мигрантската криза е измената на Законот за азил и привремена заштита од 18 јуни 2015 година.[47] Оваа измена ја овозможи „легализацијата" на статусот на бегалци и мигранти што транзитираат низ Република Македонија, обезбедувајќи правна основа за нивното присуство на нејзината територија, како и употребата на јавен превоз и хуманитарна помош.Имено, пред да стапи во сила оваа промена во законската рамка, бегалците и мигрантите што влегуваа на територијата на Република Македонија

[46]Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија бр.49/2003 и 66/2007")

[47]Објавено во "Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2015

(особено оние што го правеа тоа надвор од легалните меѓународни гранични премини) има само една правна можност да поднесат барање за азил на територијата на Република Македонија. Имајќи ги предвид нивните јасни намери да стигнат до земјите во Северна и Западна Европа како нивна претпочитана дестинација, очигледно е зошто само незначително мал број од нив ја избрале оваа опција. Особено во околности кога влегуваат во Република Македонија од територијата на Грција – земја членка на Европската Унија и потписничка на Шенгенскиот договор. Наместо да поднесат барање за азил, попрво избираат да преминат преку територијата на Република Македонија на нелегален начин. Како директна последица на нивниот незаконски статус на територијата на Република Македонија не беа во можност да употребат ниеден вид јавен превоз принудувајќи ги да транзитираат низ македонската територија пеш, далеку од главните патишта и употребувајќи ја главно железничката линија Солун – Скопје како ориентациско средство. Кај потешките делови од рутата (тесни клисури, мостови и тунели) мигрантите и бегалците ја употребуваа железничката линија не само како ориентационо средство, туку и како единствената можна патека, што доведе до голем број на несреќни на железничката линија со фатални последици. Згора на тоа, незаконскиот статус на мигранти и бегалци ги направи полесен плен за крадците и групите за трговија со луѓе. Дополнувањето на Законот за азил и привремена заштита од 18 јуни 2015 година обезбеди соодветен одговор на овие забележани проблеми. Обезбеди дополнителни правни можности за мигрантите и бегалците што транзитираат преку територијата на Република Македонија – освен можноста да поднесат барање за азил, бегалците и мигрантите сега имаат можност да ги изјаснат своите намери за барање да им се признае правото на азил. Таквата изјава може да се достави до соодветните гранични власти или каде било на територијата на Република Македонија. По таквата изјава, бегалците и мигрантите добиваат потврда што им овозможува да престојуваат легално на територијата на Република Македонија во рок од 72 часа. Во рамките на тој период, тие можат или да поднесат вистинско барање за азил на територијата на Република Македонија или да го продолжат патувањето. Во текот на јуни 2015 година, Собранието на РМ ги усвои измените на Закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита. Предложеното решение им овозможи на бегалците да искажат намера за поднесување

барање за признавање право на азил пред полициски службеник. Потоа, тие имаа можност во рок од 72 часа да го поднесат таквото барање. Во периодот од искажувањето на намерата до поднесување на барањето, тие не се сметаа за нелегални мигранти, што им овозможи привремено слободно движење и легално користење на средствата за јавен превоз.

## 3.4. Геополитичката положба на Македонија ранлива точка во балканскта бегалска и мигрантска криза



извор:Извор: refugee imagess-internet

Во 2015 на Балканот имаше многу превирања, во повеќето држави имаше внатречни превирањакако и межусебни соочувања , а на тоа се надовраза и бегалската криза која само ја потврдуи геополитичката и геостратегиската положба на Балканот како појас на кршливост на светската и европската политичка карта. Имено Босна и Херцеговина, Санџак и Косово со Прешевската долина во јужна Србија и Македонија се таргетирани ризичниодносно кршливи територии на балканот пред се заради исклучително длабоката внатрешна поделба по етнички, верски, културни линии, слабата кохезија и стабилност, стратешката положба на географската поставеност, склоноста и потенцијалите за конфликт и. Доколку се знае ова јасное што се мже да се случи кога преку дел од овие просториќе пројдадмилин мигранти и

бегалци. Покрај својата внатрешна кршливост овие територии се и „геополитички објекти - предмет на акции на натпреварување за влијание и моќ односно конкуренција на балканските геополитички субјекти – играчи: Србија, Хрватска, Албанија, Бугарија и Грција, односно сите соседни држави, ја има улогата на регионален дестабилизатор,"[48] Уште од почетокот на 2015 година, Македонија се најде во многу сложена положба на сериозно влошување на политичката и безбедносната состојба, благодарение и на внатрешните и надворешните влијание. Уште од самиот почеток на годината државата се најде во сериозна политичка криза со отпочнувањето на скандалот со прислушкуваните разговори на лица од највиското државно раководство,што Паралелно со развојот на политичката криза и објавувањето на прислушкуваните разговори, во Скопје се одржуваа протести на студентите, опозициски и други незадоволни групи од општеството, а истовремено постојано следеа најави за сериозни нарушувања на безбедносната состојба. Колку беше сериозна ова криза покажува и реакцијата и официјалните ставови на највисоките меѓународни организации на светско, континентално и регионално ниво . Во таква ситоација се случи и бегалската криза , односно таа го достигна својот максимум , а Балканот стана главна рута за бегалците и мигрантите. Во меѓувреме најголемиот противника за влез на Македонија во еворатланските институции Грција доби нова влада предводена од левицата и дополнително ги усложни своите односи со ЕУ продлабочувајќи ја својата внатрешна економска криза и политичка нестабилност.Во таква политичката криза и безбедносно нарушувања во 2015 година Република Македонија се соочи со најголемиот бран на мигранти и бегалци од боиштата во Сирија и на Блискиот Исток. Од септември 2014 година бројот на мигранти кои на дневна основа влегуваle на територијата на државата почнал нагло да се зголемува, а во месеците јули и авгист 2015 година истиот кулминирал при што низ државата транзитирале вкупно 694.679 мигранти (Станковски, 2016). За овој период карактеристично беше зачестено нарушување на јавниот ред и мир што доведе до влошување на безбедносната состојба во населените места на јужната граница (Станковски, 2016). Поради ограничените капацитети на инволвираните институции државата се соочи со состојба на која се` потешко

[48]Марио Шаревски , геополитичката положба на македонија како ранлива точка на балканскаиот појас на кршливост во услови на бегалска криза,преземено од www.academia.ed

можеше соодветно да одговори, поради што на 19 август 2015 година, Владата на Република Македониа донесе Одлука за прогласување на кризна состојба на подрачјето на јужната и северната државна граница, заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија (Станковски, 2016). Со донесувањето на ваквата одлука, на јужната граница беше поставена жичана ограда во должина од 25 километри, која подоцна беше засилена со уште еден дополнителен ред, а на самата граница после 10 години од реформите и воведувањето на грнаничната полиција беа распоредени и припадници на војската како и полициски службеници од некои европски земји како Австрија, Чешка, Унгарија, Словенија. Согласно законските измени за азил и привремена заштита, од 18 јуни 2015 година до 31 декември 2015 година беа издадени вкупно 388.233 потврди на мигранти од кои најбројни се државјаните на Сирија - 216.157 граѓани, Авганистан - 95.691 граѓани и Ирак - 54.944 граѓани., а како потврда дека Република Македонија се користи како транзит транзит земја укажуваат и податоците дека во текот на 2015 година поднесени се 1.578 барања за признавање право на азил (Станковски,2016).

Кон крајот на 2015 и почетокот на 2016 година, Македонија одлучи да го ограничи влезот на лица преку своите граници. Во декември 2015 година, Владата усвои одлука со која само државјани на Сирија, Ирак и Авганистан можат да ја поминат државната граница, а во февруари 2016 година, им беше забранет влез и на бегалците од Авганистан. На почетокот на март 2016 година, Владата одлучи сосема да ги затвори границите за влез на лица без регулиран престој, кои однапред по автоматизам ги категоризираше како „мигранти". И покрај тоа што оваа практика директно ги прекршува начелата на невраќање (non-refoulment principle) и правото на пристап до територија и постапка за азил, Владата ги образложи овие политики како резултат на однесувањето на другите држави по Балканската рута и договорот меѓу ЕУ и Турција[49].Со ваквиот начин на реакција се индиректно се подпомогна криминалот односно криумчарењето на мигранти. во соработка со полициски сили на Австрија, Чешка, Словачка, Полска, Унгарија, Словенија, Хрватска и Србија, откри криумчарење на илјадници бегалци и мигранти. Втор момент беше кога поради хаотичниот прием и транспорт на бегалците, жителите на Гевгелија негодуваа поради

[49]16. 5 http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-16-963_en.pdf

големиот број бегалци во нивниот град. Во септември 2015 година транзитот на бегалците започна да се одвива организирано преку импровизирани транзитни кампови на југ, во непосредна близина на Гевгелија (Винојуг), и на север, во непосредна близина на Куманово (Табановце). Во камповите се воспостави затворен режим односно бегалците немаа право да го напуштаат кампот. Ваквото задржување на бегалците во Винојуг, траеше скоро 9 месеци, кога по сериозни притисоци од невладините организации и Народниот Правобранител, бегалците започнаа да се пуштаат на кратки прошетки до градот, секогаш со придружба од претставници на Црвен Крст.[50]Голем број бегалци што влегоа и сè уште влегуваат нелегално во државата стануваат жртви на криумчари и дела од омраза. Медиумите известуваа на седмична основа за голем број инциденти поврзани со криумчарење, а Хелсиншкиот комитет регистрираше над 30 инцидент на разбојништво. За време на овие инциденти, околу 100 жртви беа државјани на Сирија, Авганистан и Мароко. Разбојничките напади имаат слични карактеристики, односно, на жртвите или им се нуди лажен превоз или се пресретнати, по што сторителите со сериозна закана или измама дека се полицајци, со ладно оружје (но понекогаш и огнено оружје, како и електрошок палки) ги преплашуваат, напаѓаат, повредуваат и ограбуваат. Или пак примерот со озлогласена куќа во село Ваксинце, Кумановско, каде што стотици бегалци се држат во заложништво од страна на криумчарска група.22 Со палки и ножеви, според сведочењето на бегалците што успеале да пристигнат во ЕУ, вооружената група изнудувала пари од бегалците и ги принудувала на присилна работа со цел да ги пушти да го продолжат своето патување кон земјите на ЕУ, притоа држејќи ги во неподносливи, нечовечки услови. При акцијата на полицијата беа откриени повеќе од 100 мигранти и бегалци ки во својство на сведоци беа спроведени во прифатниот центар. На 19 август 2015 година Владата на Република Македонија усвои одлука за постоење кризна состојба[51] по јужната и северната граница на Република Македонија. Во согласност со оваа одлука, Центарот за управување на кризи го активираше своето главно седиште и усвои Акциски план за превенција и управување со

[50]http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/2012/Pravata_na_begalcite_Makedonija.pdf

[51]Влада на Република Македонија: Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.. 141/2015

влезот и транзитот на мигранти низ територијата на Република Македонија. Згора на тоа, оваа одлука ѝ овозможи на армијата да им обезбеди соодветна помош на полициските сили во нивните напори за обезбедување на границите и контролирање на влезот на бегалци и мигранти на територијата на Република Македонија. Оваа одлука на Владата подоцна беше одобрена од Собранието, според постапката утврдена во законодавството за управување на кризи. Според одлуката на Собранието, времетраењето на кризната ситуација е продолжено до 15 јуни 2016 година.[52] Подоцна, дополнително е продолжено до 31 декември, 2016 година.[53] Освен што има обезбедено основа за доделување помош на полициските сили од страна на армијата во процесот на обезбедување на границите, објавувањето кризна состојба овозможи мобилизирање на дополнителни човечки и технички ресурси во напорите за управување со транзитот на бегалци. Таквата мобилизација овозможи воспоставување на транзитни кампови за бегалци по јужната и северната граница, каде што на мигрантите и бегалците им се дава неопходната хуманитарна помош. Згора на тоа, се овозможи и изградбата на привремена физичка бариера (двослојна ограда) по должина на јужната граница, што значително ги намали можностите за неконтролирано и нерегистрирано преминување на границата меѓу Република Македонија и Република Грција.

Текот на бегалската криза во Република Македонија може да се разгледува, генерално, во три периоди: првиот период во кој бегалците ги губеа своите животи нелегално преминувајќи низ територијата на државата; вториот период во кој на систематски начин се организираше насочено преминување на бегалците преку институциите; и последниот период на затворање на државните и европските граници и имобилизирање на бегалците за подолг временски период. Заедничко за сите овие периоди е тоа што во секој од нив државата не успеа во целост да го овозможи почитувањето на основните човекови права и слободи на бегалците во секое време. Всушност, Република Македонија успеа со поединечни акти или воспоставени практики да прекрши дури 10 права и слободи предвидени во Европската конвенција за човекови права и слободи и уште голем број други меѓународни документи. Во текот на

[52]Службен весник на Република Македонија" бр. 162/2015
[53]Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2016.

септември 2016 година, на територијата на Република Македонија официјално престојуваат помалку од 200 бегалци задржани во транзитните кампови или прифатните центри. Неофицијалната бројка изнесува многу повеќе. Бегалската криза сѐ уште не е завршена, а останува да се види дали државата учи од своите грешки и како ќе се носи со обврските од меѓународните инструменти за почитувањето на човековите права во непредвидливиот период кој следува.[54]

Бегалската криз се случува во период кога постојано се слушаат најави дека се возможни нови конфликти на Балканот, особено по серијата опасни политички изјави на државници поврзани со кризните ситуации во Босна и Херцеговина и на Косово. Скоро паралелно со случувањата во Босна слични загрижувачки сигнали со воинствена реторика доаѓаат и од Косово.Поранешниот лидер и актуелен пратеник на косовското движење „Самоопределување", Албин Курти, предупредува дека прашањето за демаркацијата на косовската граница со Црна Гора, може повторно да донесе војна во Косово во наредните пет години.Така на конференцијаво на НАТО во Сплит високиот функционер на Алијансата, кој истовремено е и претседавач на воено собрание на НАТО, генералот Петр Павел, предупреди на големата опасност, која, според неговата процена, му се заканува на Балканот. Тој, пред хрватските новинари, оцени дека ситуацијата во овој дел на Европа е „далеку од стабилна", и истакна дека „на Балканот му се закануваат исламскиот тероризам и руското влијание"[55].Слично размислува и Професорот по безбедност Злате Димовски кој анализирајќи ги к безбедносните ризици со кои Македонија ќе се соочи во 2016 година, ге дела на надворешни и тоа од случувањата на Блискиот исток и односите меѓу САД и Русија до внатрешните: проблемот со бегалците, парламентарните избори и евентуалното незадоволство на одредени групации после нив."[56]

Аналитичарите сметаат дека државите во регионот, , треба да соберат сили и да работат на превенција немилите слики и овие црни предвидувања да се маргинализираат во домашната јавност без разлика дали тие се дадени од центрите на моќ од Западот или од Истокот. Дополнитела нестабилност врз безбедноста е криумчарењето на ммигранти како една од формит на

[54] http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/2012/Pravata_na_begalcite_Makedonija.pdf
[55] http://novamakedonija.com.mk,посетена на 3.05.2017
[56] http://www.utrinski.mk/?ItemID=3BB6819ED0104E4C9D84B626809BECAD,посетена на 23.04.2017

организираниот криминал.„Криумчарењето мигранти денес е еден од најпрофитабилните “бизниси”. Според одредени проценки, заработката од овој вид криминална активност на годишно ниво надминува 8 милијарди американски долари. [57]“Организираниот криминал сè повеќе добива елементи на трансна- ционалност, при што сузбивањето на неговите појавни облици претставува значаен национален и меѓународен проблем. Организираните криминални групи кои се занимаваат со криумчарење мигранти користат различни начини за префрлување .Фалсификувањето докоменти е еден од тие начини што пак представува друг вид на криминал.

За да се спречи ова потребна е соработка и заеднички активности на земјите соседи односно потребни се следниве стандарди во областа на соработката и сузбивање на илегалните миграции: размена на информации меѓу државите членки; јакнење на граничните конт- роли; преземање мерки за спречување превозните средства на комер- цијалните превозници да се користат за сторување на кривични дела; безбедност и контрола на исправите; обука и техничка соработка за превенирање на криумчарењето и обезбедување третман на мигрантите според меѓународните стандарди за човекови права; мерки на заштита и асистенција и враќање на криумчарените мигранти. Ако сака Македонија да ја сочува стабилноста мора да соработува и да прифати одредени мерки и протоколи . Иако преовладува мислењето дека успешно се справивме со бегалската криза сепак и тоа како кризата има големо геополитичко и безбедносно значење.Во прилог на тоа е и фактот дека кратко по ужасните напади во Париз на 16 ноември и по истрагата е утврдено дека двајца од терористите со лажен идентитет успеале да поминат низ Грција, Македонија, Србија, Хрватска, Словенија и Австрија,.Истовремено не треба да се заборават ризиците од повратниците од боиштата во Сирија и од Ирак. Можно е тие да се активираат , затоа што, доколку се точни информациите дека ИСИС доживува порази. Во тојслучај можно е оние џихадисти што се тука и што се подготвуваат за делувањет да бидат активирани доколку за тоа има потреба.Тоа бара дополнителна работа и соработка на службите за разузнавање.

---

[57]Небојша Теофиловиќ,Ненад РадовиќКРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ КАКО ЗАКАНА ПО МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Истовремено во последно време некои аналитичари го пласираат мислењето дека Македонија е „инфицирана" на оваа рута токму од земји членки на ЕУ. Според нив, целта на ЕУ е надвор од своите граници да насели туѓи култури, пред се блискоисточни и африкански, бидејќи цел континент само овој дел од балканот останува „недопрен" од емиграцијата. Поточно, регионот би служел како регрутен центар за потребната работна сила на развиениот запад, а потоа со многу помалку средства би се одвивала потребната едукација и приспособување на непожелните бегалци. Ваквите идеи претходно ја имаа поддршката кај левичарските и социјал демократските аналитичари кои ја застапуваат тезата дека Македонија треба сама да побара бегалски кампови на своја територија, да го искористи моментот и да поентира кај меѓународната заедница.[58]Застапниците на тезата за инфицирање понатака во своите анализи тврдат дека:Без нашироко да се објаснува безбедносниот ризик што сам по себе значи имиграцијата, ваква интервенција со вдомување на неколку дессетици илјади бегалци во Македонија отвора неколку сериозни прашања. Македонија е во синџирот со Косово и со Албанија кога е во прашање проблемот со џихадистичките повратници, кои не ретко во овој долг фрагилен политички период за регионот лесно посегнуваат по оружје. Серијата терористички напади во ЕУ, пак, покажа дека се извршени од лица што минале низ Македонија по таа балканска маршрута, а натамошното евентуално доселување тука само би можело да ја засили таквата џихадистичка спрега во различни криминални организации.[59] Друго прашање е како еден ваков чекор би влијаел на подолг рок на меѓуетнички план. Македонија е држава во која се прескокна цел циклус во спроведување попис знаејќи какво влијание врз општеството има процентуалната застапеност на етничките заедници. Имајќи ги предвид последиците и наследството од бегалската криза од Косово, кои доволно е што постојат како редовна тешка тема во јавноста, како ли би влијаело нарушување на овој тешко здобиен рамковен „баланс" со нови десетици илјади муслиманско население на подолг рок? Исто така како безбедносен момент кој во моментот е најреален ако не и најголем, е поврзан со економската состојба. Германската математика за тоа колку државата ја чини еден бегалец, а притоа имајќи го предвид планот за „инфицирање", за

[58]Www.start.mk,посетена на 21.04.2017
[59]Www.start.mk,посетена на 21.04.2017

Македонија би значело уште нови десетици илјади невработени, а тоа, секако, би претставувало солидна основа за нови социјални судири и големи тешкотии во меѓусебното прифаќање. Иако на почетокот се ветуваат пари и помош, таквите средства се потешко стигнуваат. Македонија во својата куса независна историја во неколку наврати има искуство со мигрантски бранови и секогаш сама си го носела товарот. Последниот безбедносен момент што само дополнително ќе ја искомпликува релацијата Скопје – Брисел е фактот што Македонија ниту е, ниту некогаш ќе биде посакувана крајна дестинација на мигрантите. Тие во секој момент ќе бидат подготвени да тргнат кон Германија, Шведска, Данска… Тоа само ќе создава постојани искри со безбедносните служби; понатаму Македонија на долг рок ќе ја врами во синџирот на шверц на луѓе и, ништо понеизвесно, во земјите што се извознички на тероризам. Тоа пак постојано би го терало Брисел да се закани дека ќе ја спушти рампата на визната либерализација,

Имајќи го во предвид сето ова како и најавите дека со доаѓањато на летото се очекува нов бегалски бран повеќе од очекувано е дека балканската бегалска рута ќе има влијание врз геополитиката и безбедноста на Европа ,Европската Унија и врз Македонија.„Бидејќи се додека има внатрешни немири и групи што можат да бидат активирани во секој момент, а на границата има мноштво мигранти - сигурно е едно ,дека и ризиците ќе бидат на многу високо ниво.

Во текот на изминатите неколку години, политиката на ЕУ кон земјите од Западен Балкан - Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија, во најмала рака е едно бенигно запоставување.[60] . Бегалската криза значеѓе повторна заинтересираност на Европската Унија за Западен балкан , а тоа представува почеток на долгорочна стабилност на Западен Балкан, доближување на регионот кон Унијата и, на крајот, до членство во ЕУ. Меѓутоа друг голем играч Русија сега се обидува да го успори, ако не и да го запре тој процес.Веќе подолго време Русија голем дел од своето внимание го фокусираше на Белград, кој традиционално има цврсти врски со Москва.Србија потпиша договор за воена соработка со Русија.Руската државна железница, на

[60]http://plusinfo.mk/vest/7689/kombo.swf, посетена на 25.05.2017

чие чело е Владимир Јакунин, кој е на листата на личности со забранет влез во било која земја на ЕУ, врши реконструкција на 350 километри од железничката пруга во Србија. Гаспром, енергетски гигант во државна сопственост има мнозински удел во снабдувачот со природен гас во земјата. И Лукоил, другиот руски енергетски гигант, има речиси 80 проценти од Беопетрол, српски синџир на бензински пумпи.[61]Русија истовремено ја подржува и Република Српска во рамките на Босна и Херцеговина .Затоа и не треба да чуди фактот што Србија одбива да ги поддржи санкции на Европската Унија против Русија .Русија се обидува да го задржи своето влијание во Црна Гора, исто така првенствено преку енергетскиот сектор и други големи инвестиции.Москва се фокусира повеќе на земјите од Западен Балкан, бидејќи таа не сака регионот да стане дел од Западот. Па дури и во земјите од поширокиот регион, кои се во ЕУ, како Бугарија, Москва продолжува да се обидува да го употреби своето влијание преку контрола врз енергетскиот сектор.

## 3.5.Западен Балкан , бегалската криза и „големите играчи "

Веќе видовме дека брегзит, огромниот притисок што го предизвикаа бегалците, но и политичкото неединство во Унијата како и појавата на десниот национализам, може да предизвикаат нова европска криза, која уште на почетокот од следната година би можела да доведе дури и до воведување вонредна политичка состојба внатре во ЕУ. Хратскиот „Вечерњи лист " во својата анализа преку десет точки ги наведува клучните проблеми што би требало да создадат нова неповолна и тензична ситуација на Стариот континент.(Повеќе Прилог 1)Во Европа никој, па ни Германија, не се подготвуваше за порастот на бројот на бегалците, кој можеше да се предвиди. Во Германија со години се намалуваа капацитетите за прием на бегалци. Сојузот има премалку персонал во институциите што носат одлуки за азил. Од централата на ЕУ во Брисел деновиве може да се чуе малку нешто што е од помош. Европската комисија тукушто се буди од летниот сон и мрмори дека уште во мај имало план од десет точки. Тој план, меѓутоа, не е спроведен од

[61]http://plusinfo.mk/vest/7689/kombo.swf, посетена на 26.08.2017

членките на ЕУ. Уште тогаш комисијата утврди дека во Грција и во Шпанија владее вонредна состојба - пишува весникот.[62]

Прогнозите се дека доколку земјите во ЕУ не се договорат брзо за реформата на правилата од Даблин, тогаш ЕУ ќе се врати во времето на рампи, огради и на ѕидови. Тоа, независно од лошата судбина на бегалците, би значело вонредна состојба за европскиот проект. Во меѓувреме, пак, претседателот на Европскиот совет, Доналд Туск, ги предупреди земјите-членки на Европската Унија дека демократијата е кревка работа и да не си играат со огнот на национализмот, авторитарноста и на популизмот, бидејќи со тоа ќе ја скршат ЕУ, јавуваат светските агенции.Сето ова влева извесен скептицизам и замор за влез во Унијата за земјите од Западен Балкан меѓу кои и Македонија, коментираат некои од домашните експерти. Како што за „Нова Македонија" изјави професорот по меѓународно право Лазар Лазаров конфузната, двостраната и неискрената политика на Брисел кон Балканот го враќа назад во минатото.Политиката на Унијата во моментов изгледа налудничаво. Таа нема проблем само со бегалците и со должничката криза туку и со политиката кон Западен Балкан. Сѐ се сведува само на заштита на старите земји-членки на ЕУ и на бесконечни критики на земјите од регионот на нивниот претпристапен пат - вели Лазаров.[63] Се повоочливо е дека Западниот Балкан , а со самото тоа и Македонија станува свера на интерес на Европската Унија. За очекување е дека во наредниот период Балканот ќе биде место за геополитичко соочување на Западоти Европа со цел да се завладее со ова геополитички значајно подрачје.Иако со децении балканскиот регион важи за природна сфера на влијание на ЕУ, а ога не одеше, по правило помагаа САД. Меѓутоа „Шефицата на европската дипломатија Федерика Могерини, при својата последна балканска турнеја, мораше болно да дознае колку малку Брисел се сфаќа сериозно. Во Македонија, претседателот на државата ги отфрли нејзините идеи за решавање на кризата. Во Србија, нејзиниот говор беше прекинуван и исвиркан. На Косово, конфликтот се вжешти по нејзиното заминување, иако таа требаше да донесе смирување и решенија. Во Босна, тројцата длабоко

[62]Превземено одhttp://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetail?
[63]Дејан Србиновски ,Поделената и ранлива Европа на работ на бездната",„Нова Македонија " 10.12.2016

раскарани претседатели беа подготвени да го примат високиот гостин од ЕУ само на еден необврзувачки протоколарен термин.

Намалувањето на влијанието на ЕУ го поттикнува големиот ангажман на Русија, Турција и Кина. Москва се обидува да ги придобие срцата на балканските граѓани со досега невидена пропагандна офанзива. „Балканот веќе не му припаѓа на Брисел", разгласи државната агенција„Спутњик"пред неколку дена. Наднасловот, придружен со прашалник, гласеше: „Источна Европа се врти кон Русија?[64]"(Повеќе:Прилог 2: ЕУ во битка со Русија, Турција и Кина за Балканот (http://www.dw.com/mk/еу-во-битка-со-русија-турција-и-кина-за-балканот).Русија навлегува сè подлабоко со својата силна пропаганда и создава уште поголем вакуум, кој ѝ го остава Брисел. Поради тоа што ЕУ се занимава со самата себе и со бројните кризи во своето опкружување, на Балканот го прави само она што мора. „Останува горчливиот впечаток и стравот дека ЕУ и Западот полека се оддалечуваат од регионот, барем сè додека тој не експлодира", пишува белградскиот„Нови Магазин"во последното издание.Вакуумот може да стане уште поголем доколку Сад со новиот председател Доналд Трамп одлучат да се повлечат. За Анкара исто така големо геополитичко подрачје е Западен Балкан со оглед на тоа што Ердоган и неговата влада се обидуваат да ги зацврстат своите врски со сите држави во регионот.Сепак одредени балкански држави се загрижени декаТурција спроведува "неоосманска политика " која е осмислена од регионот да го отстрани влијанието на Вашингтон и Брисел и да создаде зона која ќе биде исклучиво под турско влујание. Од друга страна пак „Статус-квото во евро-атлантските интеграции создаде поволен контекст за балканските „владетели со цврста рака" кои се додворуваат на различни геополитички играчи или инвеститори, ја зголемуваат личната моќ и клиентелистичките мрежи, и го ограничуваат просторот за демократија, владеење на правото и слободата на медиумите во нивните сопствени земји. Како што аргументиравме во една скорешна посветена на состојбата со демократијата на Балканот, демократијата е во пад во регионот и „владетелите со цврста рака" создаваат нестабилност[65](Прилог 7:проф. д-р Флориан Биебер, д-р Дане Талески и доц. д-

[64] (Прилог2:Прилог 2: ЕУ во битка со Русија, Турција и Кина за Балканот

[65] Повеќе во Прилог 7:проф. д-р Флориан Биебер, д-р Дане Талески и доц. д-р Никола Димитров :Враќањето на геополитиката на Балканот не е неизбежно

р Никола Димитров :Враќањето на геополитиката на Балканот не е неизбежно).Како што и предходно напоменавме НАТО исто така има своја улога во геополитичките игри особено на Балканот. НАТО најмногу стравува од ширењето на исламскиот тероризам кој уште повеќе е алармантно со појавувањето на бегалската криза Ова е особено значајно бидејќи веќе епознато дека исламскиот тероризам веќе има свои инсталации и упоришта на Балканот особено во државите со муслиманско населениемеѓу кои е и Република Македонија. Почнувајќи од деведесттите години со пјавата на Ал Каеда па се до денсе .Денес овие инсталации дават подршка на ИСИЛ со регрутација на значаен број доброволци кои се борат на боиштата во Сирија и Ирак.Исто така Балканот е и „вратата на Европа " за исламските мигранти со големи ризици за планирање на терористички акции како на самиот Балкан така и во Европската Унија каде што САД и НАТО имаат свои дипломатски педставништва. Нато го третира Балканот како невралгична точка во судирите на интереси со Русија со која во моментот се во ситуација топло-ладно.Русија е заинтересирана за Балканот пред се енергетски но и го зајанува своето влијание во Македонија, Србија ,Република Српска , Грција па и Турција и Бугарија .Затоа е и активна политиката на НАТО за истиснување за Русијаод Балканот и Балканотстанува невралгична точка на допир на големите сили .Меѓутоа доаѓањето ан Доналд Трамп за председател на САД некои аналитичари сметаат дека улогата на НАТО би се променила ,односно дека би дошло до повлекување на трупите на НАТО, а тоа би било катастрофално сценарио и за ЕУ и поради тоа што Балканот би бил препуштен сам на себе[66].67(Поеќе :Прилог 3).Тоа би било катастрофално бидејќи Регионот на Балканот традиционално е поделен помеѓу западните и источните интереси. Некогашното француско-британско лидерство им отстапи место на германските и американските интереси, додека руските, кинеските и турските интереси заземаат се поголем геоенергетски и геополитички простор. Во таквиот стратешка дијалогика најрусофилскиот балкански народ се Србите кои живеат во Србија, БиХ, Црна Гора и на Косово. Наспроти тоа, Албанците, Бошњаците и

[66] Трамп ќе му го препушти Балканот на Путин?(Интервју за dw со Д-р Зибо Јансен- политолог и историчар. предавач на Институтот за Англо-американска историја на Универзитетот во Келн.

[67]Трамп ќе му го препушти Балканот на Путин?(Интервју за dw со Д-р Зибо Јансен- политолог и историчар.

Хрватите повеќе се свртени кон западните сили. Под влијание на рускиот soft power Бугарија, Грција и Македонија, особено православното население покажуваат се поголеми симпатии кон Москва.68 (Прилог 6) Од сето предходно можеме да заклучиме дека геополитиката на Балканот не го кажала својот последен збор.Бегалскат криза само дополнително ја усложнува и ја прави уште позбунивачка , загрижувачака и понеизвесна и носи нови играчи .

[68] Нано Ружин Геополитиката на Балканот по победата на Доналд Трамп(

**Заклучок**

Бегалската криза доминира со Европа. Милиони луѓе живеат во изгнаство.Последната бегалска криза е една од најголемите бегалски кризи во Европа после втората светска војна.за пример само да се подсетиме дека во Европската Унија во 2014 гоидна се поднесени преку 600 000 молби за азил додека во 2015 година бројот на мигранти кои стапнале на еврпско тло изнесува преку милион бегалци. Најголем број од нив се влезени во Европа преку т,н „Балканска рута ". Најголем број од нив преку Турција и грција користејќи ја балканската рута -македонија и Србија се упатуваа кон Германија ,Австрија и други членки на Европската Унија . Бегалците на почетокот од европскиот ештаблимент беа пречекани со симпатии ,односно беа прифатени како жртви од воените ужаси на кои Европската Унија треба да им помогне, да им понуди сигурност ,но со тек на време односот кон бегалците стана предмет на жестока критика на дел од европската јавност. Европското општство станува загрижено за дополнителното оптоварување на социјалнит служби , влошување на безбедносната состојба како и губењето на христијанскиот идентитет наспроти мигрантите кои се од муслиманска вероисповест.исто така односот кон мигрантите е предмет на жестока расправа помеѓу самит земји членки .Ја имаме германија која се залага за политика на „отворена врата" и земјите на вишеградската група (Полска , чешка , Унгарија )кои се се против оваа политика тврдејќи дека тие ќе бидат најголемите жртви на таквата политика. На почетокот се очекуваше дека Европа ќе се здружи и ќе дејствува во согласност со Конвенцијата за статусот на бегалците на ООН од 1951 и нејзиниот придружен протокол од 1967 за статусот на бегалците. Се очекуваше концепт на прифат, заштита и интеграција на бегалците и мигрантите кој

требаше да овозможи мерки од страна на државите на ЕУ со кои ќе се респектираат нивните човекови права, недискриминација и достоинство. Се очекуваше и потврда на најавите за додела азил на бегалците со што ќе им се ефектуираа можностите да станат одговорен дел од општествениот, економскиот и социјалниот живот во „ветените земји на ЕУ". Наспроти тоа, Европа стана сè поподелена. Многу држави од ЕУ одбија да примат бегалци, со што ги оставија соседните држави, сами во својот напор.

Неизвесноста на кризата, која добива динамика носи сериозен глобален предизвик, но и проблеми не само за Европа туку и за Македонија и за регионот.Со оглед на огромниот наплив на бегалци од Грција, која очигледно не е во состојба да ги задржи, во преден план се поставува безбедносниот аспект. Проблемот дополнително е усложнет и поради отсуството на јасно дефиниран и единствен концепт на Европската унија за ефикасно справување со прифатот и згрижувањето на бегалците.

На површина излегоа многу слабости и во безбедносниот ситем на земјите инволвирани во бегалската криза. Големиот бран на мигранти и бегалци стана закана за геополитичката состојба на многу европски држави . Прва на удар на бегалскот бран е Турција која има примено огромен број на бегалци .Во истиот период во Турција се случуваат и низа терористички напади . Бегалците својот пат од Турција го продолжуваат во Грција. По островите никнуваат огромни бегалск кампови.Грција е првата членка на европската унија која се наоѓа на патот на Балканската рута.Грчката крајбрежна стража остојано учествува во акција на спасување на мигранити .Истовремено грчката полиција се бори против организираниот криминал на илегално пренесување на бегалци .Во меѓувреме се почести се судирите помеѓу самите бегалци но расте и незадоволството на локалното население ке бара затварање на камповите и дислокација на бегалците.Во меѓувреме ЕУ и Турција постигнуваат договор за изнаоѓање решение за бегалската криза со кој и се даваат на Анкара концесии за подобри односи со Унијата.Следна на рутата е Македонија која и покрај искуството кое го има со прием на бегалци не се снајде баш најдобро. И Иако оваа бегалско-мигрантска криза за нашата држава имаше и има пред сè транзитен карактер, сепак граѓаните на Република Македонија секојдневно беа директно и индиректно соочени со евентуалните последици од економски,

хуманитарен и безбедносен карактер.[69] Имајќи ги предвид сложената внатрешна состојба во Македонија од општествено-политички, безбедносен и економски карактер како и историското искуство од ваквите ситуации во минатото во содејство со степенот на меѓудржавните односи и состојбите на поширокото балканско регионално рамниште, нашата држава и општество се наоѓаат во многу сериозен миг во своето постоење соочени со исклучително значајни геополитички предизвици со далекусежно влијание по животот на секој поединец и општеството во целина.Бегалската криза и приемот на бегалците ја заостри и реториката и помеѓу република Србија и Република Хрватска и Словенијано и Унгарија. Унгарија и нејзиниот премиер Орбан со одлука на владата изградија ѕид со бодликава жица и покажаа невидена суровост кон бегалците ,Унгарија ја поддржува тезата дека миграцијата е тројанскиот коњ на тероризмот. Заедно со другите членки на вишеградската група ги обвинуваат бегалците дека се луѓето кои доаѓаат во европските држави не несакаат да живееат во склад со нивната култура и обичаи туку според своите ама по европски стандади на живот. Тие сметаат дека бегалците кои во најголем број се муслимани се закана за христијанскиот идентитет на Европа и на нејзината култура.Германија и Франција делумно ја поддржуваа политиката на отворена врата за бегалците.Меѓутоа во меѓувреме се случија многу инциденти и терористички напади да подсетиме само на нападот за време на концерт во Париз или на прегазените во Ница и Берлин кога со камион се влетав о толпа.Овие настани во многу ја променија политичката сцена во овие држави и ја променија реториката на граѓаните.Почна да јакне позицијата на крајната десница но и стравот кај обичниот европски граѓанин особено одкога беше потврдено дека некои од терористите ја поминале балканската рута.

Бегалската криза ја затекна Македонија во многу сложена положба на сериозно влошуена на политичка и безбедносна состојба, благодарение и на внатрешните и надворешните влијание. Уште од самиот почеток на годината државата се најде во сериозна политичка криза(прислушкувани разговори , протести на студенти , шарена револуција и сл). Обидувајќи да се справи со

[69]Јове Кекеновски,.Република Македонија - колатерална штета на недоследната политика и неподготвеноста на ЕУ за решавање на бегалско-мигрантската или жртва на немањето стратегија за справување со вакви предизвици,превземено од https://www mkd mk/kolumni

кризата на 19 август 2015 година, Владата на Република Македониа донесе Одлука за прогласување на кризна состојба на подрачјето на јужната и северната државна граница. Во меѓувреме се регистрирани повеќе од триесетина разбојништва врз бегалци( жртви на криумчари и дела од омраза) и од бегалци. Истовремено Бегалската криз се случува во период кога постојано се слушаат најави дека се возможни нови конфликти на Балканот, Односно има мислења (според нато ) дека на Балканот му се закануваат исламскиот тероризам и руското влијание. Македонија има и свои внатрешни проблеми големиот број бегалци , скорешните избори , неспроведен попис на население и сл.очекувано е дека може да дојде до демографски промени кои бијазголемиле недовербата на населението врз верска припадност. При тоа нетреба да се заборавати повратниците од боиштата во Сирија и Ирак како ни економскиот ефкт кој го има бегалската криза врз и онака кревката економија на Македонија. За ублажување на сетотоа потребна и неизбежна е соработка и заеднички активности на земјите . Едно е повејќе од јасно дека крајот со бегалската криз е далеку. Напротив со доаѓањато на летото се очекува нов бегалски бран и повеќе од очекувано е дека балканската бегалска рута ќе има влијание врз геополитиката и безбедноста на Европа. Со сигурност можеме да кажеме дека после оваа бегалска криза Европа никогаш повеќе нема да биде иста.На крај сепак може да кажеме само дека никој не може да обезбеди прогноза ослободена од политичките претпоставки, национални стереотипи, митови, стравови и предрасуди длабоко вкоренети во минатото. Како резултат на тоа, многу наводни „предвидува- ња" не се ништо друго освен геополитички фантазии, иако се тврди дека целите и намерите на ваквите прогнози се состојат во идентификување на политичките, социјалните, демографските, економските, културните и воените тенденции и на геополитичките препреки за мирен развој на човештвото[70]

[70]Владимир Рукавишњиков: „Геополитичките фантазии и разрешувањето на конфликтите во 21. век"

**Користена литература**:

1.Анис Барејктаревиќ геополитика европа сарајево 100 година послје

2.Безбедносни дијалози ISSN 1857-7172 Број 2, Година I, 2010

3.Babić Jelena (2010a): „Zajednička spoljna i bezbednosna politika Evropske unije posle Lisabona", Bezbednost Zapadnog Balkana, (17), 3-12 Baldwin Richard (2010): „Understanding the GATT's Wins and the WTO's Woes", CEPR Policy Insight, (49), 5.

4.Baldwin Richard, Gros Daniel, Laeven Luc (2010): Completing the Eurozone rescue: What more needs to be done? (Cepr).

5.Barać Slobodan, Stakić Budimir, Stamatović Milan (2007): Osnovi ekonomije, Univerzitet „Singidunum, Beograd

6.Beriša Hatidža (2014): „Bezbednosna politika Evropske unije kroz stratešku kulturu", Megatrend revija, 11 (4)

7.Време 1301, 10. decembar 2015. / SVETIzbeglička kriza i strah od terorizma – Jačanje desnice u Evropi: Potpirivanje strahova

8.Grčić, M., Balkan kao kulturni subkoninent Evrope, Glasnik Srpskog geografskog društva, Beograd, 2005., godina.]

9.Glušac Luka (2010): „Lobiranje Evropske unije“, Različite dimenzije evropske bezbednosti

10.Gueguen D. et al. (2009): „The European Union in 2009“, CLAN Public Affairs – ASL & Networks Group, Brussels

11.Дарко М. Марковић„Беезбедносни изазови ,ризици и претње илегалних миграција “,Белград 2016

12.Damjanović Mijat (2013): „Discourses on democracy“, Megatrend revija, Megatrend univerzitet, Beograd

13.Dušan Proroković: Evropska unija geopolitički nije samostalna,

14.Damjanović Mijat (2013): "Discourses on democracy", Megatrend Review, 445

15.Đukanović Dragan (2014): „Usaglašavanje država Zapadnog Balkana sa Zajedničkom spoljnom i bezbednosnom politikom Evropske unije – između normativnog, deklarativnog i stvarnog“, Godišnjak FPN, (12), 9-40

16.Đurašinović Radojević Dragana (2010): „Evropski parlament – demokratska savest EU“, Bezbednost Zapadnog Balkana, (17), 13-25

17.Đurđević Lukić Svetlana (2010): „Ten years of European Security and Defense Policy and changes established by the Treaty of Lisbon“, Vojno delo, 62 (4), 28-48

18.Zito Anthony R. Schout Adriaan (2009): „Learning theory reconsidered: EU integration theories and learning“, Journal of European public policy, 16 (8), 1103–1123

19.Јове Кекеновски -Справување со бегалско-мигрантските кризи,

20.Јордан Спасески ,Марјан Николовски ,Саше Герасимовски -Безбедносни системи(Прилог кон учењето за безбедносните системи) ,Скопје 2010

21.Kovač Oskar (2013): „Reform of the content and framework for economic governance of the European Union", Megatrend revija, Megatrend univerzitet, Beograd • Lakić Nikola (2010): „Značenje, materijalnost, moć: Uvod u analizu diskursa", Različite dimenzije evropske bezbednosti

22.М. Котовчевски, Национална безбедност на Република Македонија I прв дел, Скопје, Македонска цивилизација, 2000.

24.МилевскиТ. Македонија :Рубикова коцка на Балканот ,Скопје 2005 ,филозофски факултет

25.Mileski,T., „Contemporary migration movements as a safety threat to the Balkans and Europe", Faculty of Security/2012

26.Мухамет Рацај,Ивица Даневски „Безбедносни состојби и предизвици на Балканот "

27.Н.Ружин, НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, „Фридрих Еберт", Скопје 2005

28.N. Dendaj, geopolitički analitičar, O sukobima u Kumanovu, intervju za list „Alo".

29.Нихад Филиповик-геополитика као судбина , сараево 2015година

30.Pogled preko horizonta:„ Suocavanje za izbeglickom I migrantskom krizom" Zapisnik, zaključci i preporuke sa međunarodne ekspertske radionice Beograd, 10-11. mart 2016.

31.Парламентарен институт Ефектите на мигрантската криза од земјите во југоисточна европа - студија -Скопје ,јули 2016

32.Savković Marko (2010): „Izvan dohvata integracije: industrija odbrane Evropske unije", Bezbednost Zapadnog Balkana, (17), 23-36

33.Stanojević Nataša (2005): „Socioekonomske implikacije demografskih kretanja u regionu Bliskog istoka i severne Afrike", Megatrend revija, Megatrend univerzitet, Beograd

34.Современа македонска одбрана-меѓународно научно списание за одбрана , безбедност и мир

35.Станковски Т. Кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територија на Р.македонија , геополитичката и геостратегиска положба на Р.Македонија во услови на бегалска и мигрантска криза , МАНУ 2016

36.Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Р.македонија 2008-20015 , Скопје , Министерство за труд и социјална политика

37.Todić Dragoljub, Grbić Vladimir (2014): „Economic and geographical aspects of the transitional periods analysis in the EU accession treaties", Megatrend Review, 11 (1)

38.Toshkov Dimiter (2015): „Exploring the Performance of Multilevel Modeling and Poststratification with Eurobarometer Data", Political Analysis, mpv009

39.The Wall street journal-Balkan Countries Completely Seal Off Migrant Trail as Part of EU Plan

40.„The Common Foreign and Security Policy of the European Union After the Lisbon Treaty", Western Balkans Security ObserverEnglish Edition, (17), 3-12

41.Томислав Кресовиќ-GEOPOLITIKA: Neuralgične tačke balkanske jednačine

42.Hillman Jennifer, Kleimann David (2010): „Trading places: the new dynamics of EU trade policy under the Treaty of Lisbon", GMF Economic Policy Paper.

43.Crnobrnja Mihailo, Trbovich Ana S. (2009): Impact Assessment of Serbia's EU Accession, Faculty of Economics, Finance, and Administration (FEFA), Singidunum University, Belgrade

44.Crnobrnja Mihailo, Savić Nebojša, Miljković Jelena (2008): „Economic Developments", Integration Perspectives and Synergic Effects of European

Countries Targeted by EU Enlargement and Neighborhood Policies: Serbia, Center for EU Enlargement Studies, Central European University, Budapest, 136-266

45.Џемал Ѓункши, Значењето на геостратегиската средина во развојот на воените операции

46.Шаревски Марио, Геополитичката положба на Македонија како ранлива точка на балканскот појас на кршливост во условина бегалска криза

47.Шаревски М. Македонија е пред голем геополитички предизвик ,2015

**б)закони,резолуции и службени докоменти :**

Влада на Република Македонија: Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.. 141/2015

„Службен весник на Република Македонија" бр. 162/2015

„Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2016

"Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2015

Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија бр.49/2003 и 66/2007")

**в) интернет е-содржини:**

http://www.dw.com/sr/balkanska-ruta-i-njeni-ogranci/a-19054026

http://rs.n1info.com/tag11059/Izbeglicka-kriza/1

http://www.vreme.com/cms/view.php?id=1410110

http://www.blic.rs/vesti/politika/izbeglicka-kriza-lideri-zemalja-duz-balkanske-rute-potvrdili-dolazak

**http://www.naslovi.net/2016-03-20/biznis-finansije/izbeglicka-kriza-i-nepopravljivi-evropski-optimizam/**

http://www.dw.com/mk/

http://novamakedonija.com.mk

http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-16-963_en.pdf

http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/2012/Pravata_na_begalcite_Makedonija.pdf

http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_begalci.pdf

http://plusinfo.mk/vest/7689/kombo.swf